"Služben Vesnik N.R.M" administracija Skop Maršala Ti

ЛИСТ
НА ФЕДЕРАТИВНА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА ФНРЈ" излегува по потреба, во српско, хрватско, словенечко и македонско издание. Огласи по тарифата. — Текукја сметка кај Народната банка на ФНРЈ за претплата бр. 101-900880. — Текукја сметка на продавно - трговското одделение 101-670880

Среда, 7 јуни 1950
БЕЛГРАД
БРОЈ 39 ГОД. VI

Цена на овој број е 12.— дин. — Претплатата за цела 1950 година изнесува 350.— динари. Редакција: Брапкова улица бр. 18—20. — Телефони: Редакција 28-838, Администрација 27-595, Продавно одделение 22-619, Сметководство 26-276, Експедиција 21-251.

321.

Врз основа на чл. 1 од Законот за овластување Владата на ФНРЈ да донесува уредби по прашањата од народното стопанство, Владата на ФНРЈ по согласен предлог од Претседателот на Стопанскиот совет на Владата на ФНРЈ и Претседателот на Комитетот за туризам и угостителство на Владата на ФНРЈ, донесува

УРЕДБА
ЗА ЕЛЕМЕНТИТЕ НА ПРОДАВНАТА ЦЕНА НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ УСЛУГИ ВО УГОСТИТЕСКИТЕ ДУКЈАНИ НА ДРЖАВНИТЕ УГОСТИТЕЛСКИ ПРЕТПРИЈАТИЈА, КОИ ШТО ВО ПРОДАВНАТА ЦЕНА НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ УСЛУГИ ГИ ЗАСМЕТУВААТ ДОБИВКАТА И ДАНОКОТ

I. Општи одредби

Член 1

Прописите на оваа уредба ке се применуваат на сите угостителски дукјани на државните угостителски претпријатија, кои што во продавната цена на угостителските услуги ја засметуваат добивката и данокот.

Претседателот на Комитетот за туризам и угостителство на Владата на ФНРЈ ке донесе поблиски прописи за тоа, што се подразбира како угостителски услуги.

II. Структура на цената на угостителските услуги

Член 2

Структурата на цената на угостителските услуги се состои од следни елементи:

1. трошкови на материјалот;
2. плати на техничкиот персонал;

I. Трошкови на угостителските услуги;

3. амортизација;

II. Цената на чинењето на угостителската услуга;

4. режија;

III. Полна цена на чинењето на угостителската услуга;

5. редовна добивка;
6. данок на промет на услугите;

IV. Цена на угостителската услуга;

7. пазаришна добивка;

V. Продавна цена на угостителската услуга.

Член 3

Износите на трошковите на материјалот и платите на техничкиот персонал (елементите под 1 и 2 од чл. 2 на оваа уредба) се нормираат по единицата на видот на угостителската услуга.

Претседателот на Комитетот за туризам и угостителство на Владата на ФНРЈ ке го пропише начинот на нормирањето трошковите на материјалот и платите на техничкиот персонал по единицата на видот на угостителската услуга.

Член 4

Износот на амортизацијата (елементот под 3 од чл. 2 на оваа уредба) се добива било во определен апсолутен износ по единицата на видот на угостителската услуга, било со применување на определени амортизациони стопи на трошковите од угостителската услуга (собир на елементите под 1 и 2 од чл. 2 на оваа уредба).

Апсолутните износи, односно стопите на амортизацијата како и нивната поделба на дел кој што служи за да се обноват основните средства и на дел кој што служи за нивни големи поправања, ги определува Министерот на финансиите на ФНРЈ по предлог од Претседателот на Комитетот за туризам и угостителство на Владата на ФНРЈ.

Член 5

Со амортизацијата се обезбедуваат средстава за обновување и големи поправања на основните средства.

Делот на амортизацијата кој што служи за обновување на основните средства, угостителските претпријатија го уплатуваат во општодржавниот амортизационен фонд.

Делот на амортизацијата кој што служи за големи поправања на основните средства, угостителските претпријатија го уплатуваат во амортизационниот фонд на претпријатието.

Со средствата што ги уплатуваат угостителските претпријатија од општодржавно значење во општодржавниот амортизационен фонд, располага Владата на ФНРЈ.

Со средствата што угостителските претпријатија од републичко и локално значење ги уплатуваат во општодржавниот амортизационен фонд располага владата на народната република.

Угостителските претпријатија самостојно располагаат со средствата на својот амортизационен фонд врз основа на своите финансиски планови.

Член 6

Одредбите на членовите 6, 7, 8, 9 и 12 од Уредбата за општодржавниот амортизационен фонд на рударското и индустриското производство и амортизационниот фонд на државните рударски и индустриски претпријатија „Службен лист на ФНРЈ", бр. 15/47) важат и за државните угостителски претпријатија.

Член 7

Износот на режијата (елементот под 4 од чл. 2 на оваа уредба) се добива било во определен апсолутен износ по единицата на видот на угостителската услуга, било со применување определената стопа на трошковите на угостителските услуги (собир на елементите под 1 и 2 од чл. 2 на оваа уредба).

Оквирниот апсолутен износ по единицата на видот на угостителската услуга, односно оквирната стопа на режијата за поединн видови и категории на угостителските дукјани го одредува за државните

угостителски претпријатија од сојузно значење Претседателот на Комитетот за туризам и угостителство на Владата на ФНРЈ, а за државните угостителски претпријатија од републичко и локално значење претседателот на комитетот за туризам и угостителство на владата на народната република.

Во границите на определениот оквирен апсолутен износ, односно оквирна стопа, надлежниот административно-оперативен раководител определува индивидуален износ на режијата по единицата на видот на угостителската услуга, односно стопата на режијата за поединн угостителски дукјани-претпријатија под своето раководство.

Ако од оправдани причини индивидуалниот износ односно стопата на режијата треба да биде повисока од определеннот оквирен апсолутен износ, односно оквирна стопа, тогаш за да се одреди таков износ односно стопа потребна е согласност од надлежниот претседател на комитетот за туризам и угостителство.

Претседателот на Комитетот за туризам и угостителство на Владата на ФНРЈ ке го пропише начинот на нормирањето на поедини трошкови кои што влегуваат во елементот на режијата.

Член 8

Добивката што ја остваруваат државните угостителски претпријатија може да биде:

а) редовна;
б) вонредна добивка;
в) пазаришна добивка.

Член 9

Износот на редовната добивка (елементот по 5 од чл. 2 на оваа уредба) се добива со применување на определената стопа врз трошковите на угостителските услуги (собир на елементите под 1 и 2 од чл. 2 на оваа уредба).

Стопата на редовната добивка одделно за секоја категорија на поедини видови угостителски дукјани за претпријатија од сојузно значење ја определува Владата на ФНРЈ, а за претпријатијата од републичко и локално значење владите на народните републики.

Член 10

Претседателот на Комитетот за туризам и угостителство на Владата на ФНРЈ во согласност со Министерот на финансиите на ФНРЈ ке го пропише начинот по кој што определените стопи на амортизацијата, режијата и редовната добивка ке се применуваат врз трошковите на угостителските услуги (ст. 1 чл. 4, 7 и 9 на оваа уредба).

Член 11

Износот на вонредната добивка се остварува со намалување трошковите на платите на техничкиот персонал и трошковите на режијата по единицата на видот на угостителската услуга, односно со намалување трошковите на платите на техничкиот персонал и трошковите на режијата за вкупниот обем на угостителските услуги под планираните износи.

Член 12

Пазаришната добивка (елементот под 7 од чл. 2 на ова уредба) за единица на мера на определен вид на угостителска услуга го претставува износот кој што за дотичниот вид на угостителската услуга е планиран како разлика помегју определената продавна цена на угостителската услуга и планската цена на угостителската услуга.

Претседателот на Комитетот за туризам и угостителство на Владата на ФНРЈ ке ги определи оние видови на угостителски услуги, како и оние видови на основните угостителски дукјани кај кои пазаришната добивка нема да се планира нити засметува во продавната цена.

Претседателот на Комитетот за туризам и угостителство на Владата на ФНРЈ во согласност со Министерот на финансиите на ФНРЈ ке го пропише начинот за пресметување остварената пазаришна добивка на државните угостителски претпријатија.

Член 13

Остварената редовна и вонредна добивка ја распоредуваат сите државни угостителски претпријатија без оглед на нивното значење, во смисла на прописите од Уредбата за расподелбата на добивката на државните стопански претпријатија од сојузно и републичко значење („Службен лист на ФНРЈ" бр. 1/50).

Министерот на финансиите на ФНРЈ во согласност со Претседателот на Комитетот за туризам и угостителство на Владата на ФНРЈ ке го пропише начинот на уплатувањето и расподелбата на остварената пазаришна добивка на државните угостителски претпријатија.

Процентот на придонесот за фондот на раководството и за слободно располагање на државните угостителски претпријатија од остварената пазаришна добивка, ке го определи за претпријатијата од сојузно значење Министерот на финансиите на ФНРЈ по предлог од Претседателот на Комитетот за туризам и угостителство на Владата на ФНРЈ, а за претпријатијата од републичко и локално значење министерот на финансиите на народната република по предлог од претседателот на комитетот за туризам и угостителство на владата на народната република.

III. Фондот на раководството и централниот фонд

Член 14

Кај секое државно угостителско претпријатие се основа фонд на раководство, а кај секој административно-оперативен раководител на тие претпријатија се основа централен фонд.

Член 15

Средствата на фондот на раководството претпријатијата ги остваруваат со придонеси од остварената редовна, вонредна и пазаришна добивка на претпријатието, и тоа врз основа на определените проценти.

Член 16

Процентот на придонесот од редовната добивка за фондот на раководството го пресметува секое претпријатие спрема формулата:

$$\% = \frac{П \times Ф}{Дп}$$

Кај што значи:

П = вкупен планиран годишен износ на платите со додатоците на сите работници и службеници на дотичното претпријатие;

Ф = определен сметковен фактор;

Дп = вкупен годишен планиран износ на редовната добивка на дотичното претпријатие.

Сметковниот фактор од предниот став го определува Министерот на финансиите на ФНРЈ по предлог од Претседателот на Комитетот за туризам и угостителство на Владата на ФНРЈ, а по претходно мнение од Централниот одбор на Сојузот на синдикатите на Југославија.

Ако државното угостителско претпријатие поради државните цени своите одделни задачи или своите работни услови работи на со планот предвидена загуба или нема достаточно планска добивка, износот на придонесот за фондот на раководството се пресметува со применувањето на определениот сметковен фактор како процент врз вкупниот планиран годишен износ на платите на сите работници и службеници на претпријатието. Во тој случај целиот така пресметан придонес или оној дел на пресметаниот придонес кој што не може да се покрие од планската добивка на претпријатието, се финансира од буџетот.

До колку овие претпријатија ке остварат помала редовна добивка или непредвидена загуба, пресметаниот придонес за фондот на раководството сразмерно се намалува.

Претпријатие кое што има стварна полна цена на чинењето по единицата на угостителската услуга неоправдано поголема од со планот предвидената, го губи за односното време (пресметковен период) правото на придонес за фондот на раководството.

За оправданоста на поголемата полна цена на чинењето одлучува надлежниот административно-оперативен раководител.

Член 17

Процентот на вонредната добивка на државните угостителски претпријатија за фондот на раководството го определува Министерот на финансиите на ФНРЈ по предлог од Претседателот на Комитетот за туризам и угостителство на Владата на ФНРЈ, а по претходно мнение од Централниот одбор на Сојузот на синдикатите на Југославија.

Член 18

Процентот на пазаришната добивка на државните угостителски претпријатија кој што се уплатува во фондот на раководството се определува во смисла на ст. 3 чл. 13 на оваа уредба.

Член 19

Средсвата на фондот на раководството претпријатието ке се употребат:

а) за одделни награди на ударниците, новаторите и рационализаторите како и за другите работници и службеници кои што особено ке се истакнат во работењето;

б) за да се издигне стручната спрема на работниците и службениците на претпријатието;

в) за изградба жилишта на работниците и службениците на претпријатието;

г) за изградба социјални и културни установи за потребите на работниците и службениците на претпријатието (дукјани на општествена исхрана, обеништа, детски јасли, домови за ученици, амбуланти, клубови, библиотека, читални, биоскопи, спортски игралишта итн.).

Од фондот на раководството не можат да се наградуваат директорот на претпријатието и неговите помошници.

Член 20

Со фондот на раководството на претпријатието раководи директорот на претпријатието. Директорот е должен кога ке ги употреби сретствата од фондот на раководството да се советува со синдикалната организација во претпријатието. Синдикалната организација на одлуките од директорот може да стави забелешки до надлежниот административно-оперативен раководител.

Член 21

Сите државни угостителски претпријатија што се под раководство на еден административно-оперативен раководител должни се да му уплатуваат на централниот фонд кај административно-оперативниот раководител 5—20% од износот на својот фонд на раководството.

Претседателот на Комитетот за туризам и угостителство на Владата на ФНРЈ за претпријатијата од сојузно значење, а претседателот на комитетот за туризам и угостителството на владата на народната република за претпријатијата од републичко и локално значење, а по предлог од административно-оперативниот раководител, ке одреди кој процент во границите од претходниот став поедини државни угостителски претпријатија ке уплатуваат од средствата на својот фонд на раководството во централниот фонд на својот административно-оперативен раководител. При донесувањето на одлуката за определувањето на процентот, Претседателот на Комитетот за туризам и угостителство на Владата на ФНРЈ и претседателот на комитетот за туризам и угостителство на владата на народната република ке набават мнение од Централниот одбор на Сојузот на синдикатите на Југославија, односно од Главниот одбор на Сојузот на синдикатите на Југославија за односната народна република.

Член 22

Сретствата од централниот фонд ке се употребат:

а) за одделни награди на директорите на претпријатијата, нивните помошници и на особено истакнатите работници и службеници во претпријатијата;

б) за изградба жилишта за работниците и службениците на подрачните претпријатија;

в) за изградба социјални и културни установи за потребите на работниците и службениците од подрачните претпријатија (дукјани на општествена исхрана, обеништа, детски јасли, домови за ученици, амбуланти, клубови, библиотеки, читални, биоскопи, спортски игралишта и тн.).

Член 23

Централниот фонд го раководи административно-оперативниот раководител кај кого се навогја централниот фонд.

IV. Формирање и одредување продавните цени

Член 24

Се овластува Претседателот на Комитетот за туризам и угостителство на Владата на ФНРЈ, во согласност со Претседателот на Стопанскиот совет на Владата на ФНРЈ и со Министерот на финансиите на ФНРЈ, да го пропише начинот како се формираат и определуваат продавните цени на угостителските претпријатија, кои што во продавната цена на угостителските услуги засметуваат добивка и данок.

V. Преодни одредби

Член 25

Поблиски прописи за спроведување на оваа уредба ке донесе Претседателот, на Комитетот за туризам и угостителство на Владата на ФНРЈ во согласност со Министерот на финансиите на ФНРЈ.

Член 26

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија", а ке се применува од 1 јуни 1950 година, на кој ден престануваат да важат сите прописи кои што се во спротивност со оваа уредба.

3 јуни 1950 година
Белград

Претседател на Владата на ФНРЈ
и Министер на Народната одбрана
Маршал на Југославија
Јосип Броз-Тито, с. р.

Министер на Владата на ФНРЈ,
Претседател на Стопанскиот совет
на Владата на ФНРЈ,
Борис Кидрич, с. р.

322.

Врз основа на чл. 78 ст. 2 од Уставот на ФНРЈ, а по предлог на Министерот на внатрешните работи на ФНРЈ, Владата на ФНРЈ донесува

УРЕДБА

ЗА ИЗМЕНУВАЊАТА И ДОПОЛНУВАЊАТА НА УРЕДБАТА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА БОРАВОКОТ

Во Уредбата за пријавување на боравокот („Службен лист на ФНРЈ" бр. 56/48) се вршат измени и дополненија, така пречистениот текст да гласи:

УРЕДБА

за пријавување боравокот

I. Државјани на ФНРЈ

Член 1

Во градовите, седиштата на околиските народни одбори, индустриските и рударските населби, бањи, климатски и туристички места, во местата од пограничната зона, како и други места, што ке ги определи министерот на внатрешните работи на народната република, мораат да бидат пријавени сите лица што се постојано настанети во тие места.

Во овие места сите постојано настанети лица должни се да ја пријават пред заминувањето секоја измена на пребивалиштето а исто така и секоја измена на жилиштето во местото најдалеку во срок од три дена после довогјањето во новото жилиште.

Член 2

Боравок подолг од 24 часа во местото што е вон од пребивалиштето мора да се пријави во срок од 24 часа после довогјањето во тоа место, а заминувањето пред да се напушти местото на боравокот.

Боравокот од ставот 1 не се должни да го пријават лицата кои што врз основа на овластување вршат службена работа. Доколку овие лица ноќеваат во хотел или ке бидат примени на лекување во болница, санаториум или слична установа, мораат да бидат пријавени по одредбите на чл. 8 и 9 од оваа уредба.

Член 3

Како пребивалиште (место на постојано живеење) во смисла на оваа уредба се подразбира местото во кое што определено лице ке се настани со намерение тамо постојано да живее.

Под боравиште во смисла на оваа уредба се подразбира местото во кое што определено лице борави вон од своето пребивалиште.

Член 4

Пријава на пребивалиштето, како и измена на пребивалиштето односно пријава менувањето на жилиштето, како и пријава и одјава на боравокот, се поднесува во поверенството на внатрешните работи на околискиот односно градскиот (реонскиот) народен одбор на чие што подрачје живее односно борави лицето кое што е должно да се пријави.

Боравокот на подрачјето од месниот народен одбор вон од седиштето на околискиот народен одбор, како и престанокот на тој боравок, му се пријавува на месниот народен одбор на чие што подрачје борави лицето што е должно да поднесе пријава. Оваа пријава месниот народен одбор должен е без одложување да ја испрати до поверенството на внатрешните работи од околискиот народен одбор.

Член 5

Пријавата на пребивалиштето како и менувањето на пребивалиштето, пријавата на менување жилиштето, како и пријавата и одјавата боравокот во местото дека е ова пријавување задолжително, мора да биде поднесена за секое лице над 16 години.

Член 6

Пријавата е должно да ја поднесе во определен срок лицето кое што треба да биде пријавено, или неговиот станодавец. За подстанари пријавата е должен да ја поднесе во определениот срок подстанарот или неговиот станодавец.

Член 7

За лицата што живеат во заедничко домаќинство пријавата на пребивалиштето како и менувањето на пребивалиштето односно пријавата за менувањето на жилиштето во местата дека е ова пријавување задолжително должен е да ја поднесе старешината на домаќинството.

Член 8

За малолетни лица постари од 16 години што се настанети во домови, интернати и други слични установи пријавата е должна да ја поднесе управата на односната установа.

За лицата што се примаат на лекување во болници, санаториуми, лекувалишта и други слични установи, пријавата е должна да ја поднесе управата на односната установа.

Член 9

За лицата што ке отседнат во хотел, пансион, ноќевалиште или во друго слично претпријатие пријавата е должен да ја поднесе директорот односно сопственикот на претпријатието.

Пријавата од претходниот став мора да се поднесе во срок од 12 часа после приемот на секое лице на жилиште, а одјавата најдоцна 6 часа после заминувањето на односното лице.

Директорите односно сопствениците на хотелите, пансионите, ноќевалиштата и другите слични претпријатија должни се да водат книга во која што ке го запишуваат секое лице што ке го примат на жилиште.

Лицата што се пријавени по ставот 1 од овој член не се должни самите да се пријават.

II. Странски државјани

Член 10

Како странски државјанин во смисла на оваа уредба се смета секое лице кое што под одредбите од Законот за државјанството на ФНРЈ не е државјанин на ФНРЈ.

Член 11

Странски државјанин кој што борави во Федеративна Народна Република Југославија мора да биде пријавен без оглед на местото во кое што борави.

Странски државјанин кога ке дојде во Федеративна Народна Република Југославија мора да биде пријавен во срок од 48 часа после преминот на границата, односно најдалеку во срок од 24 часа после довогјањето во местото на боравокот.

Ако странски државјанин што патува со транзитна виза на ФНРЈ од оправдани причини се задржи на територијата на ФНРЈ, мора да биде пријавен по одредбите од претходниот став.

Другите одредби од оваа уредба за пријавувањето на пребивалиштето, менувањето на пребивалиштето и жилиштето, како и пријавувањето и одјавувањето на боравокот, што се прописани за државјаните на ФНРЈ важат во сето и за странските државјани.

Член 12

Странски државјанин може на територијата на ФНРЈ постојано да се настани или времено да борави.

Постојаното настанување на странски државјанин го одобрува Министерот на внатрешните работи на народната република.

Странски државјанин и лицата записани на заедничка патна исправа можат времено да бораат на територијата на ФНРЈ само за времето што е означено во визата. Временениот боравок што е означен во визата може да го продолжи повереникот на внатрешните работи на околискиот односно градскиот народен одбор на чие што подрачје се настанил странецот, доколку не го продолжил повисокиот орган на внатрешните работи.

Странски државјанин може да борави во ФНРЈ преку срокот што е определен во претходниот став ако добие дозвола на боравок за страдни. За оваа дозвола одлучува повереникот на внатрешните работи од околискиот односно градскиот народен одбор на чие што подрачје странецот борави.

Член 13

Членовите на дипломатскиот кор, членовите на конзуларниот кор и членовите на странски изаслаиства кои што во ФНРЈ уживаат дипломатски имунитет или конзуларен статус, постојаните службеници на дипломатските и конзуларните претставништва или на постојаните странски изаслаиства во ФНРЈ, како и членовите на блиската фамилија од овие лица ги

пријавува на Министерството на надворешните работи претставништвото од односната држава. Доведена послуга на шефовите од дипломатските мисии се пријавува на ист начин под услови на реципроцитет. На сите овие лица Министерството на надворешните работи им издава дипломатски односно конзуларни лични карти, односно лични карти за службениците на странските претставништва.

Странски државјанин кој што со дипломатска патна исправа и дипломатска виза на ФНРЈ времено борави на територијата на ФНРЈ го пријавува претставништвото од односната држава на Министерството на надворешните работи. Потврда на пријавата се запишува во патната исправа. Ако ова лице стаса на територијата на ФНРЈ во место што е вон од седиштето на дипломатското или конзуларното претставништво на неговата земја, должно е да се пријави и да се одјави во смисла на чл. 11 на оваа уредба.

Странски државјани споменати во предните ставови се одјавуваат кај Министерството на надворешните работи преку претставништвата на нивните држави. Потврда на одјавата Министерството на надворешните работи ја запишува во нивниот патни документ.

Странскиот државјанин кој што со службениот патни документ времено бораат на територијата на ФНРЈ се пријавува и одјавува по одредбите на чл. 11 од оваа уредба.

Член 14

Шефовите на странските држави, министрите на надворешните работи на странските држави, извонредните изасланства на странските држави, делегациите за склучување меѓународни договори, како и пратьите на овие лица, не се пријавуваат ако дојдат на територијата на ФНРЈ.

Член 15

На сите странски државјани освен на оние што се споменати во чл. 13 и 14 од оваа уредба, може надлежниот министер на внатрешните работи да им ускрати натамошен боравок во земјата и да ги повика во определен срок да ја напуштат територијата на ФНРЈ.

III. Прекршоци

Член 16

Со парична казна до 5.000 динари, или со казна поправителна работа до два месеца, или со казна лишение од слобода до два месеца ке се казни лицето од чл. 9 од оваа уредба кое што не води или кое што неуредно води книга на лицата што се примени на жилиште, или кое што неуредно врши пријавување или одјавување на лицата што се примени на жилиште.

Член 17

Со парична казна до 2.000 динари, или поправителна работа до 1 месец, или со лишение од слобода до 1 месец ке се казни:

1) лицето што е должно да поднесува пријави односно одјави ако пријавата односно објавата не ја поднесе или не ја поднесе во срокот што е пропишан со одредбите од оваа уредба;

2) кој што во пријавата лажно назеде пребивалиште, боравиште или жилиште;

3) кој што на друг начин ги прекрши одредбите од оваа уредба.

Член 18

Административно-казнена постапка по прекршоците од чл. 16 и 17 од оваа уредба води и решение во прв степен донесува повереникот на внатрешните работи на околискиот односно градскиот (реонскиот) народен одбор по одредбите од Основниот закон за прекршоците.

IV. Завршни одредби

Член 19

Одредбите од оваа уредба не се однесуваат на воените лица настанети во касарни, воени заводи и други воени установи, и на припадниците од народната милиција, настанети во установите од народната милиција.

Член 20

Во срок од 60 дена после влегувањето во сила на оваа уредба сите странски државјани што бораат во ФНРЈ должни се да се пријават на надлежниот државен орган по одредбите од оваа уредба.

Член 21

Формулари за пријави и одјави, како и формулар на книгата од чл. 9 од оваа уредба ке пропише Министерот на внатрешните работи на ФНРЈ.

Поблиски прописи за спроведувањето на оваа уредба што се однесува до државјаните на ФНРЈ ке донесе министерот на внатрешните работи на народната република, а поблиски работи за нејзиното спроведување што се однесува на странските државјани ке донесе Министерот на внатрешните работи на ФНРЈ.

Член 22

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

7 јуни 1950 година
Белград

Претседател на Владата на ФНРЈ
и Министер на народната одбрана,
Маршал на Југославија
Јосип Броз-Тито, с. р.

Потпретседател на Владата на ФНРЈ
Министер на внатрешните работи на ФНРЈ,
Александар Ранковиќ, с. р.

323.

Врз основа на чл. 1, 2, 3, 4 и 6 од Уредбата за исплатување премии на работниците и службениците за остварените заштеди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 5/49) и точката XII од Напатствието за применување на истата уредба („Службен лист на ФНРЈ", бр. 78/49), а во согласност со Министерот на финансиите на ФНРЈ, пропишувам

ПРАВИЛНИК

ЗА ПРЕМИИТЕ НА РАБОТНИЦИТЕ И СЛУЖБЕНИЦИТЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ ЗАШТЕДИ ВО ЕЛЕКТРАНИТЕ И ПРИ ЕЛЕКТРО-МАШИНСКИТЕ ПОСТРОЈКИ

Член 1

За постигнатата заштеда во гориво, мазиво и благовременото пронајдување и отклонување расипувањата на електро-машинските постројки за производство и пренесување на електрична енергија, на персоналот кој што со своето работење непосредно или посредно придонесува кон постигнувањето, на тие заштеди му припаѓа премија.

I. Премија за заштеда на горивото

Член 2

Вкупната заштеда во горивото се пресметува по образецот:
Ако е:

$$C_e = (U_n - U) : c$$

U_n = со колективен норматив определената топлотна енергија во 10^6 kcal во горивото потрошено во пресметковниот период,

U = фактички утрошената топлотна енергија во 10^6 kcal во горивото потрошено во пресметковниот период,

c = средна цена на горивото во динари по 10^6 kcal во пресметковниот период.

Член 3

Колективниот норматив U_n на утрошок на топлотната енергија во пресметковниот период се определува врз основа на напатствието од надлежниот административно-оперативниот раководител, земајќи ја во оглед состојбата на погонските постројки, текот на производството и квалитетот на горивото.

Колективниот норматив U_n го ускладува за целата територија на Федеративна Народна Република Југославија, и дава своја согласност Претседателот на Комитетот за електростопанство на Владата на ФНРЈ.

Член 4

Стварно потрошената топлотна енергија U се определува за пресметковниот период врз основа на тежината на потрошеното гориво и неговата долна калорична сила.

Член 5

Средната цена „c" за 10^6 kcal се добива со делење на вкупната цена на чинењето на стварно потрошеното гориво, франко вагон или шлеп на товарната станица, со вкупна калорична вредност на потрошеното гориво во kcal $\times 10^6$.

Член 6

Премијата за заштеда на горивото може на учесниците да се исплати во висина до 40% од вкупно заштедената сума. Процентот на премијата се проценува за секоја електрана одделно спрема производството на електричната енергија, исполнувањето на планот и задоволувањето на конзумот, бројот на испадите и дефектите во постројката, како и спрема условите во кои што се случиле тие дефекти, погонската подготвеност на постројката и другите вонредни услови на работењето во текот на пресметковниот период.

Претседателот на Комитетот за електростопанство на Владата на ФНРЈ со напатствие ке одреди орган кој што ке донесува одлука за процентот на премијата.

Член 7

Во добивката на премијата за заштеда на горивото можат да учествуваат:

1. погонскиот инженер, односно техничкиот раководител или шефот на погонот;
2. водачот на смената;
3. главниот ложач, односно работоводителот на ложилницата;
4. ложачите;
5. помошните ложачи и пепеловадачите;
6. машинистите, дежурните бравари и дежурните електричари; и
7. раководителот на манипулацијата со јаглен, вклопничарите погонските бравари, лаборантите и котларските зидари.

Надлежниот административно-оперативен раководител секој месец ке одредува кој од горе наброените ке учествува во добивањето на премија и со кој процент, врз основа на висината на постигнатата заштеда и придонесот на поединци службеници и поединци.

До колку во една електрана едно лице врши должност на главен инженер на претпријатието и на погонски инженер, а технички раководител или шеф на погонот, не му припаѓа премија по овој правилник туку по Уредбата за премиите на раководителите на државните стопански претпријатија.

Член 8

Нормативот на процентот на сопствената трошење на електрична енергија на електраната ке го одреди врз основа на стварната погонска ситуација надлежниот административно-оперативен раководител со согласност на Претседателот на Комитетот за електростопанство на Владата на ФНРЈ.

Член 9

Доколку електраната во текот на месецот го пречекори нормативот на сопствената трошење, пречекорувањето ке се пресмета во динари и ке се одбие од вкупно остварената сума што е предвидена за премија.

Вредноста на пречекорената количина на сопствената трошење се утврдува врз основа на полната цена на чинењето на електричната енергија на стегачите на генераторот.

II. Премија за заштеда на мазива

Член 10

За заштеди на мазиво во електраните, постигнати со трошењето под нормативот, на машинистите, помошните машинисти, мазачите, ложачите, помошните ложачи и лаборанти им се исплатува премија.

Член 11

Како норматив за трошење на мазивото важи нормативот кој е прописан од надлежниот административно-оперативниот раководител, за кој што ја дал својата согласност Претседателот на Комитетот за електростопанство на Владата на ФНРЈ.

Еквивалентот за уљето на квалитетот што не одговара го утврдува надлежниот административно-оперативен раководител.

Член 12

Процентот на учеството на поединци во премијата од чл. 10 го одредува надлежниот административно-оперативен раководител по предлог од управата на електраната.

Член 13

Премијата за заштеда на мазиво може да се исплатува во висина до 60% од вкупната вредност на постигната заштеда.

III. Награди за пронајдување расипувања на електромашинските и разводните постројки

Член 14

На работниците и службениците кои што ке пронајдат расипувања на далекуводите, им се исплатува награда во износ до 2.000.— динари. Висината на наградата зависи од видот на расписувањето, времето на денот, теренските и временските приливи, од времето потрошено за да се пронајде расипувањето и од последиците што би ги имало ова расипување на конзумот, да не било за тоа време пронајдено.

Член 15

За да се исплати наградата од предниот член услов е пронајденото расипување благовремено да е пријавено до управата на погонот.

Надлежниот административно-оперативен раководител врз основа на табеларните прегледи ке ја одреди со одделно решение висината на наградата по чл. 14 за поедини видови распитувања.

IV. Завршни одредби

Член 16

Расподелбата и исплатата на премиите од членовите 2,, 10 и 14 ја врши управата на претпријатието по одобрение од надлежниот административно-оперативен раководител, спрема трошењето на времето.

стручната квалификација, личното заложување и доприносот на поединците и групите.

Член 17

Ако нормативот на трошењето горива и мазива е натфрлен, т. е., ако е потрошено повеќе горива и мазива одошто определува нормативот, премија не припаѓа ни на групата ни на поединецот.

Негативните резултати на еден месец се пренесуваат во следниот, така да се одбиваат од заштедите постигнати во следниот месец, но со тоа одбитокот да не може да изнесува повеќе од 50% од постигнатата сума за давање премија. Неодбивениот негативен остаток се пренесува на следниот месец. Пресметката се врши одделно за гориво а одделно за мазиво.

Член 18

Во електрачите во кои што има можност да се мери заштедата по смени, при поделбата на премиите треба да се води сметка за тоа, колку заштедела секоја смена одделно.

Доколку во текот на пресметковниот период електраната како целина не ке постигне заштеда, а сепак тоа се случи во однос на една смена, на таа смена во следниот пресметковен период во кој што електраната ке постигне апсолутна заштеда ке и се исплати премија во повисок процент од другите смени.

Член 19

Исплатата на премиите по овој правилник паѓа на терет на конкретно остварените заштеди.

Член 20

Управите на претпријатијата должни се за секој пресметковен период да водат евиденција за остварените заштеди и за износите на исплатените премии. Евиденцијата се води одделно за секој вид на заштеда. Надлежниот административно-оперативен раководител должен е да ја контролира оваа евиденција и да ја запре исплатата на премијата ако претпријатието не ја води прописаната евиденција.

Главните елементи за евиденција ги одредува Комитетот за електростопанство на Владата на ФНРЈ со напатствие за спроведување на овој правилник.

Член 21

Пресметковниот период за исплатување на премија за заштеда на гориво и мазиво е календарски месец.

Член 22

Поблиски напатствија за применувањето на овој правилник дава Претседателот на Комитетот за електростопанство на Владата на ФНРЈ.

Член 23

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија", а плаќањето на премиите по него ке се врши од први јануари 1950 година.

Бр. 13865
17 мај 1950 година
Белград

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Комитетот за електростопанство,
Никола Петрозич, с. р.

Согласен
Го застапува
Министерот на финансиите на ФНРЈ
Министерот на надворешната трговија на ФНРЈ,
Милентије Поповиќ, с. р.

324.

Врз основа на чл. 33 од Уредбата за данокот на промет на производи („Службен лист на ФНРЈ" бр. 24/47) и точ. 10 на Општите одредби со Тарифата на данокот на промет на производи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 13/50) прописувам

НАПАТСТВИЕ

ЗА НАПЛАТУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ ОД ШПИРИТ И АЛКОХОЛНИ ПИЈАЛОЦИ

I. — ШПИРИТ (ТАР. БР. 491)

1) Како шпирит (етил-алкохол) се смета дестилатот од комината на скробни, шекјерни и сите други материи. Исклучително, дестилатот на овошните материи се смета како шпирит само кога содржи преку 55% алкохол.

Алкохолните пијалоци кои што се направени од шпирит подлежуваат и на данок по тар. бр. 500 односно 502, покрај платениот данок по тар. бр. 491.

2) По цената во која што не е засметан данокот на промет на производи односно по цената во која што е засметан данокот по пониската даночна стопа шпиритот ке се издава само врз основа на одобрение од Министерството на финансиите на ФНРЈ односно од надлежното министерство на финансиите на народната република. За правдање на издадените количини на шпирит по цената во која што не е засметан данокот, односно по цената во која што е засметан данокот по пониската даночка стопа претпријатијата мораат да имаат копии на одобренијата кои што важат за текукјата година.

3) Одобренијата за да се набави шпирит по цената со засметаниот данок по пониската даночна стопа од точ. 2, 3 и 4 на тар. бр. 491 на Тарифата го издава министерството на финансиите на народната република на чија што територија се навогја местото на употребата на шпиритот. Одобрението се издава за количините на шпиритот што се потребни во текот на една производна година, со тоа одобрените количини да можат да се земаат сукцесивно, спрема потреба. За издавањето на шпирит за гориво по точ. 1 на тар. бр. 491 и на шпирит за извоз од точ. 3 на тар. бр. 491 не е потребно одобрение.

4) Шпирит по цената во која што не е засметан данокот или по цената со засметаниот данок по пониската даночна стопа ке се издава по правило, само во денатурисана состојба, освен ако целта во која што се употребува шпиритот не позволува денатурисање, што мора во одобрението изрично да се наведе. Употребата на овој шпирит подлежува на контрола на надлежниот околиски народен одбор.

5) Како сретства за денатурисање шпирит по точ. 2 и 5 на тар. бр. 491 можат да се употребат следните производи за секои 100 хл° шпирит.

1) етар 10 лит.
2) течен сапун од рицинусово уље 5%
3) чист метил алкохол 2%
4) шелак 7%
5) канфор 5%
6) лизол 0,1%
7) формалин 5%
8) ацетонско уље 6%
9) тинктура на јод 0,5%
10) уље од животни 0,025%
11) олеинска киселина 5%
12) бензол или бензин 10%.

Самите претпријатија или лицата кои што нарачуваат шпирит од фабриките должни се да набават соодветно средство за денатурисање. До колку напред наведените сретства ке и одговараат на целта во која што ке се употреби шпиритот може да се бара употреба на друго, позгодно средство. Денатурисањето на шпирит пред неговата отпрема го врши одговорниот службеник од фабриката на шпирит.

6) Шпиритот кој што е наменет за производство на киселина по точ. 4 на тар. бр. 491 се денатурира по иста волуменска количина на киселина јака 6% (100 лит. киселина на 100 лит. шпирит) или со соодветна количина на киселина од поголема јачина. Денатурисавањето на шпирит се врши во фабриките на киселина веднаш по приемот, и тоа во државните стопански претпријатија од страна на одговорниот службеник, а во претпријатијата на задружниот и приватниот сектор — во присуство на службеникот од надлежниот околиски народен одбор. Отпремата на шпирит во претпријатијата ке се врши со спроводница која што ја издава претпријатието за производство на шпирит и која по извршениот прием и денатурисавањето на шпиритот ке му се врати на претпријатијето со потврда на одговорниот службеник кој што го извршил денатурисавањето.

7) Шпиритот за гориво по точ. 1 тар. бр. 491 се денатуруира со општо сретство кое што се состои од суров метил-алкохол и дрвено уље во запремински сразмера 8:0,5. Оваа количина ке се измеша и се додава на шпиритот во количина од 4 кг. на 100 хл°. шпирит. Денатурисавањето го врши службеникот на претпријатието кој што е одговорен за исправноста на истиот. За количините на денатурисаниот шпирит и за продавањето на истиот мора да се води точна евиденција. Забрането е издавање и употреба на овој шпирит во други цели освен за гориво. Денатурисаниот шпирит може да се стави во промет со најмалку 90% алкохол на 15° Целзиеви.

8) Шпиритот за разни индустриски цели по стопата од точ. 3 на тар. бр. 491 ке се издава само ако се употребува за производство на нови артикли во кои што шпиритот ги загубува своите основни особини и во готовиот производ ке се појавува како таков. За производство на хигиенски и козметички средства, парфимерија, колонска вода и алкохолни пијалоци може да се употребува само шпиритот на кој што е платен данокот по стопата од точ. 5 на тар. бр. 491. По истата стопа ке се пресметува и шпиритот кој што се употребува за рецептура и за други цели во апотеките.

9) Суровиот шпирит кој што се рафинира во истото претпријатие или нерафиниран им се продава на другите претпријатија кои што вршат рафинирање не подлежува на данок. Како даночни обврзници во тој случај се претпријатијата кои што го вршат рафинирањето. Пренесување на суров шпирит до рафинеријата може да се врши само со спроводница која што ја издава претпријатието кое што го отпрема шпиритот. Приемот на суровиот шпирит мора да се потврди на спроводницата и да му се врати назад на претпријатијето.

10) Количината на произведениот шпирит во хектолитарски степени на јачина се утврдува со специјален контролен апарат кој што го набавува производителот. Утврдувањето на произведената количина на шпирит го врши на крајот на секој месец одговорниот службеник на претпријатијето.

На неоправданите губитоци — мањок кој што се појавува помегју произведените количини на шпириг и количините ставени во промет претпријатието е должно да уплати данок на промет на производи.

11) Производството на шпирит на обични апарати за дестилација (казани за ракија) можат да го вршат само претпријатијата кои што се за тоа одделно овластени, и тоа по претходна пријава до надлежниот околиски народен одбор.

12) Фабриките на шпирит кои што производат и други алкохолни течности должни се за тоа претходно да го известат надлежниот околиски народен одбор.

13) Производството и прометот на шпирит подлежува на повремена контрола на надлежниот околиски народен одбор.

II. — ВИНО (ТАР. БР. 4999)

Што се смета како вино

1) Као вино на кое што се плаќја данок на промет на производи по тар. бр. 499 на Тарифата се смета пијалок кој што е производ на алкохолно вриење на шира од свежо грозје. Винската шира (кљук, маст, мошт) не се смета како вино и не подлежува на данок по споменатиот тар. бр. се додека траје вриењето. Но после 20 ноември винската шира се смета како вино без оглед да ли процесот на вриењето до тоа време е завршен или ие е. Во случај процесот на вриењето вештачки да се пресече (спречи) за да би се ставил производот во промет како безалкохолен пијалок, на таков производ не ке се наплати данок по тар. бр. 499 ни после 20 ноември под услов ширата да не содржи повекје од 1% алкохол.

Како вино кое што подлежува на данок по точ. 3 на тар. бр. 499 се смета и природниот прошек ако е непосреден производ на вриењето на шира од провенато и просушено грозје и ако не му се додавани никакви други материи, без оглед на јакоста и на екстрактната содржина.

2) Како обично природно вино по точ. 1 на тар. бр. 499 на Тарифата се сметаат сите видови на конзумно вино кои што се продаваат во буриња или во други отворени садови, а немаат повекје од 16% алкохол или 5% екстракт.

3) Под точ. 2 на тар. бр. 499 спагјаат сите природни одгледани вина чието продавање се врши во затворени шишиња со називот на вино и потеклото на виното. Доколку овие вина во буриња се набавуваат од производителите заради натамошно одгледувзње до стаањето во шишиња покрај платениот данок на обично природно вино во буриња по точ. 1 на тар. бр. 499 на Тарифата, ке се плати уште и разликата до износот на данокот по стопата што е одредена во точ. 2 на тар. бр. 499 на Тарифата. И овие вина не можат да содржат повекје од 16% алкохол или 5% екстракт.

Пријави за производството на вино и мерење на производните количини

4) Пријавите за произведените количини на вино мораат да се поднесат до месниот народен одбор после завршеното вриење а најдалеку до 20 ноември писмено или усмено. Писмените и усните пријави се внесуваат во регистерот на пријавите на производителите на вино со следни податоци: 1) реден број, 2) презиме, име и кукјен број на производителот, 3) број на членовите на домакјинството постари од 15 години, 4) место и поврвнина на лозјето во ха и видови на лозата, 5) преостанати количини на старо вино, 6) количина на ново-произведеното вино, 7) потпис на производителот.

5) Месниот народен одбор должен е до 20 ноември, во соработка со претпријатијето на државната откупна мрежа да изработи план на пописот на вина за својата територија. Спрема можноста и обемот на работењето треба да се формираат повише екипи за вршење на пописот, во кои што треба да биде по еден претставник на народниот одбор и на откупното претпријатие. Секоја екипа мора да има потребни пантари и материјал за мерење и стручно лице за вршење на мерењето. Материјалот и стручните службеници должна е да ги стави на располагање државната одкупна мрежа, до колку народниот одбор не располага со нив.

6) Кога ке се проверуваат произведените количини мора да присуствува производителот или член на неговото домакинство преку 18 години стар, односно лице кое што е овластено да го застапува. Мерењето сев рши со бочвомер или по сметковен пат, земајкји го во оглед обемот и запремината на садот како и висината на течноста во него. Во записникот за пописот мора да се назначи на кој начин е вршено мерењето.

7) Во краткиот записник за прегледувањето треба да се внесат следните податоци:

а) презиме и име на производителот;

б) број на членовите на домакјинството постари од 15 години;

в) утврдените количини на конзумно вино од поранешните берења на кои што е платен данок односно кои што се одобрени за трошење во домаќинството без плаќање данок;

г) утврдените количини на хибридно и слични вина од поранешните берења;

д) утврдените количини на произведеното конзумно вино од новото берење;

ѓ) количини на произведеното вино од новото берење неспособно за трошење (хибридни, индустриски, болни вина и т. н.) со кратки забелешки за видот и особините на такво вино.

8) Записникот мора да го потпишат производителот, односно неговиот застапник и службениците кои што го извршиле мерењето. Записникот се состава во два примерка, од кои еден му се остава на производителот, а другиот му се предава на месниот народен одбор.

9) Производителот може да стави приговор на записникот во срок од три дена до месниот народен одбор. Приговорот може да се стави писмено или усно на записникот.

Решението по приговорот го донесува извршниот одбор на месниот народен одбор, односно повереникот за финансии на градскиот (реонскиот) народен одбор.

10) Пријави и мерење на вина кај селанските работни задруги, виноградарските производителни задруги и државните земјоделски добра и установи. — Пријавата до надлежниот местен народен одбор ја поднесува одговорниот претставник на задругата односно доброто, со истите податоци како и под точ. 4). Во истата пријава ке се наведат и податоците од точ. 4 за членовите на селанската работна задруга кои што имаат произведено вино од суровините од окукјиницата. Во пријавата прво се внесуваат податоците за задружното вино, а потоа и подтаоците за секој член на задругата кој што има окукјиница под лозје повекје од ½ хектар а на крајот податоци за оние членови на задругата кои што имаат окукјиица под лозје од ½ хектар или помалку. Спрема тоа, членовите на селанската работна задруга не се должни да поднесат одделна пријава до месниот народен одбор за произведените количини на вино.

Доколку површнината на окукјиницата под лозје не изнесува повекје од ½ хектар кај такви производители-членови на селански работни задруги, нема да се врши мерење на произведените количини на вино, туку ке се смета дека тие количини му припаѓаат на производителот за да ги троши во домаќинството без да плаќа данок на промет на производи.

Меѓу тоа, ако површнината на окукјиницата под лозје изнесува повекје од половина хектар, месниот народен одбор ке изврши мерење на произведените количини на вино и натаму ке постапи како и со сите други производители.

Внесување на податоците во книгата на производители на вино и одобрение на количините што им припаѓаат без да се плаќа данок за трошење во домаќинството на производителот.

11) По завршеното мерење на произведените количини на вино месниот народен одбор ке врши врз основа на податоците од записникот пополнување на книгите на производителите на вино, спрема образецот бр. 1. Во книгата на производителите можат да се внесат само оние количини на вино кои што се утврдени со записникот за пописувањето, или со дополнително премерување, за што исто така мора да има записник. Во книгата на производетелите одделно мора да се води евиденција за виното на кое што е платен данок на промет на производи, за виното кое што по своите особини и состојци не е способно за трошење и потоа за виното кое што подлежува на данок, а за кое што уште не настапила обврската да се плаќа данок.

Преостанатите количини на вино од поранешните берења не можат да бидат признати во количините поголеми од оние кои што се утврдени во заклучувањето на производителите за минатата година. Виното од поранешните берења мора да се држи во одделни садови.

Ако производителот нема поголеми количини вино од оние на кои што има право за трошење во домаќинство без да плаќја данок, нема да се уводи во книгата на производителот, туку записникот за извршениот преглед ке се приложи кон регистерот на пријавата на производителите.

12) При пополнувањето книгата на производителите во одделна рубрика треба да се внесе количината на вино за домашно трошење без да се плаќја данок. Овие количини се пресметуваат по правило од конзумното вино. Ако производителот нема конзумно вино, или го нема во достаточни количини ке му се одобри за домашно трошење без да плаќја данок иста количина хибридно вино.

На производителите на природен прошек ке им се одобри за трошење во домаќинството без да плаќјат данок ⅓ од прописаната количина на обично вино одобрена за секој член на фамилијата без да се плаќја данок. До колку производителот има и обично вино и прошек, може за домашно трошење без да плаќја данок да ги задржи обата вида на вино, со тоа секој литар на прошек да се пресмета како 5 л. обично вино.

Како член на домаќинството на производителот се подразбира секое лице кое што постојано живее во домаќинството без оглед на степенот на роднинството. Борците на ЈА за време на отслужувањето на срокот, учениците и лицата кои што се навоѓаат на времено работење, се сметаат како да живеат постојано во домаќинството.

13) Сопствениците и сусопствениците на лозјата и членовите на нивните домаќинства, кои што не живеат во исто место дека се навоѓа лозјето и кои што не се занимаваат со земјоделие, туку имаат друго занимање, имаат право на соодветна количина вино за домашно трошење без да се плаќја данок. За да се оствари ова право во една производствена година, должни се да поднесат пријава до надлежниот местен народен одбор најдалеку до 31 декември.

14) Колонистите кои што во поранешното место го задржале лозјето, имаат право на соодветна количина вино без да плаќјаат данок од грозјето од лозјето во поранешното место, под услов во новото место воопште да немаат лозје или да ја немаат онаа количина вино која што им припаѓа за трошење во домаќинството без да плаќјаат данок. Месниот народен одбор надлежен за местото во кое што се навоѓа виноградот, ке им одобри соодветна количина на вино без да плаќјаат данок само врз основа на уверението од месниот народен одбор на местото на постојаното живеење, дека на новото земјиште немаат лозје, или од тоа лозје да немаат достаточна количина вино за домашно трошење без да плаќјаат данок. Во уверението треба да се наведе и бројот на членовите на домаќинството постари од 15 години. Ова уверение треба да се поднесе до 31 декември.

15) Исполџиите и закупците кои што лозјето го обработуваат со сопствена сила се сметаат како производители.

16) Селанските работни задруги и лозјарските производителни задруги должни се при мерењето на задружното вино да поднесат во два примерка список на членовите на домаќинството на задругата преку 15 години старост. За оние членови на селанските работни задруги кои што имаат и вино од окукјиницата, задругата е должна да ги провери произведените количина и да ги внесе во списокот, а исто така евентуалната разлика која што треба да ја добијат од задружното вино без да плаќјаат данок ако произведените количини од окукјиницата се помалки од оние на кои што имаат право без да плаќјаат данок спрема бројот на членовите на домаќинствата. По извршената проверка еден заверен примерок од списокот и' се враќја на задругата и спрема него ке се врши издавањето на вино на членовите без да се плаќја данок, а вториот примерок и' се приложува на книгата на производителот. За евентуалната не-

точност на поднесените податоци одговорна е задругата.

Од вкупната количина на вино која што по список им се издава на членовите на селанските работни задруги за трошење во домаќинството без да плаќаат данок, ке им се одобри уште 5% без да се плаќа данок, за потребите на самата задруга за време при обработката на земјиштето и за одржување приредби и прослави. Овие количини не можат да им се делат на членовите без да се плаќа данок.

17) Производителите се должни најдалеку до 31 декември да му поднесат на месниот народен одбор *договор за* контрахираните количини за одкуп од државните откупни претпријатија, ако има такви договори. Овие количини исто така ке се внесат во одделна рубрика на книгата на производители на вино. Доколку срокот за контрахирање ке се продолжи после 31 декември ке се продолжи во исто време и срокот за поднесување на договор до истекот на продолжениот срок за контрахирање.

18) Како даночната обврска настапува веднаш по завршеното производство на вино, поради тоа производителот е должен да го пријави на месниот народен одбор и да го уплати данокот на промет на производи на оние количини на вино кои што во времето од производството па до 10 јануари ги става во промет вон од државната откупна мрежа. Такви количини на вино ке се книжат во соодветна рубрика на книгата на производителот. Оваа рубрика на денот на пресметувањето на данокот од 10 до 15 јануари, се заклучува и вкупно продадените количини се одбиваат при пресметката на данокот. На количините во тоа меѓувреме превземени од страна на државната одкупна мрежа данокот го плаќа откупното претпријатие во прописаните срокови, а отуѓувањето се книжи исто така во одделна рубрика на книгата на производителите.

Производителот не може да одтуѓува вино пред да се изврши попис на произведените количини.

19) Откога во книгата на производителот ке се внесат сите податоци за производството и прометот на вино до 10 јануари, месниот народен одбор ке воши во времето од 10 до 15 јануари пресметка и ке издава налози за да се уплати данокот на промет на производи.

20) На име кало и растур од денот на производството до 10 јануари ке се признаат следните количини:

а) на име кало (тиња при првото преточување) 5%

б) на име растур 1%

Овие количини на кало и растур се одбиваат при пресметката на данокот од вкупно произведените количини на вино утврдени со премерување. Калото и растурот се пресметуваат и од количините на хибридното, индустриското и болното вино на кое што не се пресметува данок. Оваа пресметка на кало и растур ја врши месниот народен одбор при пресметувањето на данокот во времето од 10—15 јануари.

После 10 јануари ке се признаат следни количини на име кало и растур:

а) за другото преточување, доколку е извршено 2%;

б) месечно до 31 март 1%;

в) месечно од 31 март натаму 0,5%;

г) транспортни растур при пренесувањето до одкупната станица 1%.

Секој започнат месец на лежење на вино кај производителот се смета како цел месец.

Овој кало и растур го пресметува откупното претпријатие при приемот на контрахираното вино од производителот. Признатиот кало и растур откупните претпријатија го внесуваат во потврдата за приемот на виното од производителите и во извештаите на месниот народен одбор.

Доколку производителот врши и други работи околу одгледувањето на вино кое што предизвикува извесен кало, ке му се признае од страна на одкупната мрежа оној кало кој што е прописан за тие исти работи во трговинската мрежа.

Калото и растурот на вино на кое што е платен данок на промет на производи се пресметува на начинот што е определен во прописаните структури на цената на вино.

21) Пресметката на данокот ке се врши на тој начин што од вкупната количина на конзумно вино која што е утврдена со мерење кај производителот претходно ке се одбиат:

а) одобрените количини на кало и растур до 10 јануари;

б) одобрените количини за трошење во домаќинството;

в) количините за кои што е склучен договор за откупување со државната откупна мрежа;

г) количините кои што производителот ги отуѓил до 10 јануари вон од државната откупна мрежа и на кои што е платен данок на промет на производи.

На преостанатите количини на конзумно вино на производителот ке му се издаде налог за уплатување данокот на промет на производи. Данокот ке се уплати најдалеку до 31 јануари. Меѓутоа, ако срокот за контрахирање на вина со државната одкупна мрежа е продолжен после 31 декември, издавањето на налог за да се уплати данокот ке се одложи до истекот на срокот за контрахирање, а уплатувањето на данокот мора да се изврши во срок од 15 дена после издавањето на налогот за уплата. Пресметката на данокот ке се изврши во определениот срок но само ке се одложи издавањето на налог за уплатување на данокот поради евентуални промени во даночната обврска до истекот на срокот за контрахирање.

(На пример, кај производителот е со мерење утврдено дека произвел 10.000 лит. конзумно вино. Од тоа треба да се одбие:

	Литри
а) за домашно трошење — за четири члена по 150 литри — — — — — — —	600
б) контрахирано за одкуп — — — — —	5.000
в) 6% кало на 10.000 литри — — — —	600
г) продадено со наплатување на данокот до 10 јануари — — — — — — — —	500
вкупно:	6.700

Кога оваа количина ке се одбие од вкупно произведената количина на конзумно вино од 10.000 литри останува данокот на промет на производи да се плати на 3.300 литри вино).

22) На овие количини на вино за кои што производителот ке склучи договор за откупување со државната одкупна мрежа, данокот на промет на производи го плаќа откупното претпријатие во прописаниот срок при превземањето на виното. Но, производителот е одговорен за правилната наплата на данокот и на овие количини на вино се до нивното превземање од страна на откупното претпријатие, односно до истекот на крајниот срок за превземање на виното.

23) Производителите на вино за купените или макар по кој основ набавените суровини должни се да поднесат пријава до надлежниот местен народен одбор веднаш после завршеното производство на вино, а најдалеку до 20 ноември. Месниот народен одбор ке изврши мерење на произведените количини на вино и од нив ке одбие 5% на име тиња при првото преточување и 1% како растур, а за остатокот ке издаде налог во срок од 10 дена да се уплати данокот на промет на производи. Овие производители не ке се внесуваат во книгата на производителите, туку во одделен список со следни податоци: презиме и име односно назив на претпријатието и место на седиштето; пријавени количини на вино; со мерење утврдените количини; кало и растур од 6%; количините на кои што е платен данокот на промет и собирот на платениот данок, со означување бројот на издадената потврда.

24) После уплатувањето на данокот од страна на производителот, ке се внесе уплатената сума на данокот и количините на вино во соодветните рубрики во книгата на производителите.

25) Ако производителот во прописаниот срок не го плати данокот на промет на производи, месниот народен одбор ке пристапи да се наплати данокот по прописите кои што важат за наплатување на данокот од наредните даночни должници, земајќи ги во попис во прв ред соодветните количини на вино кои што во случај да се дојде до присилно наплатување треба да и се отстапат на државната откупна мрежа по одредените цени. На вака предадените количини на вино данокот го уплатува откупното претпријатие.

26) Во вториот дел на книгата на производителите на вино ке се внесува секое отугјување на вино од страна на производителот макар по кој основ. Производителот е должен секое отугјување на вино да му го пријави на месниот (градскиот реонскиот) народен одбор. Ако отугјувањето се врши вон од државната откупна мрежа во време од производството на виното до 10 јануари, производителот е должен да ги плати данокот на промет на производи за отугјените количини. Спрема тоа во цената на виното кое што производителот го продава вон од државната откупна мрежа влегува и платениот данок на промет на производи. Врз основа на пријавата на производителот месниот народен одбор ке ги запише отугјените количини во соодветната рубрика на книгата на производителите со податоците за уплатувањето на данокот на промет на производи.

27) За уплатувањето на данокот на промет на производи на производителот ке му се издава потврда за платениот данок по образецот бр. 3. Потврдата ке се печати во блокови од по 50 парчиња и ке бидат означени со серии и броеви. Секој број ке има два примерка и ке се исполнува со индиго — хартија. Еден примерок од потврдата му се издава на производителот, а вториот останува во блокот заради контрола. Серијата и бројот на издадената потврда се внесува во соодветните рубрики на книгата на производителите.

28). Постапка со хибридни, индустриски и болни вина. — Овие вина поради својот состав, квалитет или недоволна јакост по правило, не се употребуваат за непосредно трошење, туку обично служат за да се преработат во дестилат или киселина. Заради овие причини пресметката и наплатувањето на данокот на овие вина нема да се врши во времето и на начинот што е прописан за конзумните вина, туку пресметката и наплатувањето на данокот се одложува до нивната преработка, или до ставањето во промет заради непосредно трошење.

При мерењето на произведените количини на вино стручниот службеник на државната откупна мрежа одлучува кое вино ке се смета како хибридно, индустриско или болно, а спрема директивите добиени од надлежните повисоки органи. За случај да се сомнева ке се земе мустра на такво вино и ке се упати до најблиската станица за испитување на вина (енолошка станица) чиот налаз е меродавен.

Хибридните, индустриските и болните вина се мерат одделно и се внесуваат во записник. Овие вина по можност треба да се држат во одделни простории а во секој случај садовите со такви вина треба да се обележат со залепена цедулка или со креда. Соодветниот кало и растур треба да се пресмета во исто време и на ист начин како и за конзумните вина и пресметаните количини на кало и растур се внесуваат во книгата на производителите. Во исто време ке се внесат и количините на хибридно, индустриско и болно вино кои што се контрахирани со државната откупна мрежа, количините кои што се одобрени за трошење во домаќинството без да се плаќа данок, како и евентуалните отугјени количини до 10 јануари со наплатување на данокот на промет на производи.

Министерот на државните набавки на народната република донесува начална одлука за тоа да ли производителите можат да ги отугјуваат и да располагаат со хибридно, индустриско и болно вино вон од државната откупна мрежа.

Производителот е одговорен за правилно наплатување на данокот за сите количини на хибридно, индустриско и болно вино со кој што е задолжен по книгата на производителите и кое што не може да се оправда со продавање на државната откупна мрежа, или со продавање и употреба врз основа на одобрението од претходниот став.

За количините на ова вино кое што производителот го отугјува по овластување вон од државната откупна мрежа должен е да плати данок на промет на производи.

Државната откупна мрежа може да превзема хибридни, индустриски и болни вина од производителот без уплатување на данокот на промет на производи, но е должна за нив да води точна евиденција се'до преработка. Во случајот овие вина да се оспособат и да се стават во непосредно трошење или се мешаат со обично вино, претпријатијата се должни да уплатат данок на промет на производи како за обично конзумно вино.

Шилер, беванда, петиот и сл. не се сметаат како вино кое што му подлежува на данок по тар. бр. 499 од Тарифата. Забрането е да се мешаат со други видови вина и мораат да се држат во одделни садови кои што се нарочно обележени

Обврска на производителите и на откупната мрежа при продавањето и откупот на вино

29) Секое пренесување на вина заради предавање на државната откупна мрежа мора усно да му се пријави на месниот народен одбор. Врз основа на оваа пријава месниот народен одбор му издава на производителот потврда по образецот бр. 4. За конзумните вина на производителот ке му се издаде потврда во еден примерок во кој што ке се исполни само името на производителот, а другото ке го исполни откупното претпријатије. Во потврдата која што останува во блокот се исполнува уште и видот и количината на виното кое што се носи да се предаде. За предавањето на хибридно, болно и индустриско вино на производителот ке му се даваат два примерка на потврдата со исполнетото име на производителот. После приемот на виното откупното претпријатие еден исполнет примерок на потврдата му дава на производителот, а вториот служи како основ за задолжување по книгата на приемот на хибридни, индустриски и болни вина. Во третиот примерок на потврдата која што останува кај месниот народен одбор ке се исполни покрај името уште и видот и количината на виното. Примерците на потврдата кои што остануваат во блокот ке служат како контрола на правилната испорачка на виното од страна на производителот и ке се употребуваат со извештаите за приемот на виното од страна на откупните претпријатија, и наедно ке служи и како контрола на правилната уплата на данокот од страна на откупните претпријатија.

30) Државните откупни претпријатија кои што вршат откуп од производителите по овластување на министерството на државните набавки на народната република должни се за секоја превземена количина на вино да ја исполнат донесената потврда по образецот бр. 4 со сите потребни податоци и да ја предадат на производителот.

31) Државните откупни претпријатија должни се на месниот народен одбор да му поднесуваат за секој 10 дена во месецот список на производителите од кои што во текот на минатите 10 дена превзеле вино. Во списокот мора да бидат точно назначени превземените нето количини на вино и признаетиот кало и растур. Врз основа на тие списокови месниот народен одбор ке ги разводи превземените количини на вино вториот дел на книгата на производителите.

Месниот народен одбор ке води специјална белешка во која што одделно за секое откупно претпријатие ке ги внесува превземените количини на вино во текот на декадата по предадените списоци и износот на данокот на промет на производи на тие количини.

Откупното претпријатие е должно во срок од 5 дена по истекот на декадата да го уплати данокот на промет на производи за превземените количини во текот на декадата.

Претпријатието е должно на вирманскиот налог, во рубриката „цел на дознаката", да назначи дека уплатата се однесува на данокот на промет на производи на вино откупено од територијата на дотичниот местен (градски) реонски народен одбор. Извештајот кој што му е наменет на поверенството за финансии Народната банка, наместо на околискиот, ке му го испрати на месниот народен одбор. Овој извештај ке и' се прилежи на белешката за задолжување претпријатието со данок на откупената количина на конзумно вино.

Месниот народен одбор, после приемот на извештајот од Народната банка за уплатување на данокот ке провери спрема белешката дали претпријатието правилно го пресметало и уплатило данокот за односната декада. При ова ке се послужи и со блоковите на потврдите по образецот бр. 4. Доколку се најде дека претпријатието уплатило помалку данок одколку што требало, на претпријатието ке му се издаде налог за да ја уплати разликата во данокот. Претпријатието е должно износот по налогот да го уплати во срок од 5 дена.

Хибридни, индустриски и болни вина можат да се превезмаат од страна на државните откупни претпријатија или по нивен налог, и тоа по претходна соделна пријава до месниот народен одбор. Врз основа на пријавата месниот народен одбор издава потврда по образецот бр. 4 во три примерка, од кои што два примерка му ги предава на производителот, а трет ги го задржува во блокот.. Откупното претпријатије е должно на обата примерка да ја потврди превземената количина на вино неспособно за трошење. Еден примерок од потврдата му го предава на производителот, а вторнот примерок го книжи во специјална книга на вина неспособни за трошење со следни рубрики: 1) презиме и име на производителот; 2) назив на месниот народен одбор; 3) дата и број на потврдата и 4) количина на применото вино. По истекот на секоја декада откупното претпријатие е должно книгата со задржаните потврди да му ја поднесе на надлежниот околиски народен одбор за да се провери правилното внесување во книгата. По извршената проверка на поодделни ставки од книгата околиските народни одбори ке ги земат потврдите ке ги заверат и ке ги испратат до месниот народен одбор кој што ги издал. По приемот на заверените потврди месниот народен одбор ке ги раздолжи по книгата на производителите превземените количини и признатнот кало и растур и потврдите ке ги приложи кон соодветниот број на книгата на потврдите. Доколку месниот народен одбор во срок од месец дена после издавањето на потврдата не ке го прими заверениот примерок назад, ке рекламира кај околискиот народен одбор што е надлежен за седиштето на откупното претпријатие.

Ако откупното претпријатие го транспортува натаму виното неспособно за трошење, должно е да бара нова спроводница од околискиот народен одбор по образецот бр. 5. Еден примерок од спроводницата му се предава на претпријатието кое што ја барало, а вторнот му се испраќа на околискиот народен одбор што е надлежен за седиштето на претпријатието на кое што му се транспортува виното. Овој околиски народен одбор е должен да ја контролира преработката на применатa количина на вино и по завршената преработка да го пресмета и наплати данокот на промет на производи за добивениот производ. По завршената пресметка и наплата на данокот на околискиот народен одбор ке му ја врати заверената спроводница што ја издал тој, со забелешка дека преработката е извршена и дека е платен данок на готовиот производ. Применатa заверена спроводница ке се приложи кон соодветната копија (третиот примерок) од книгата на спроводниците.

Доколку откупното претпријатие не испраќа неспособно вино за трошење на друго претпријатие на преработка, туку само го преработува, должно е по завршената преработка на виното да го извести надлежниот околиски народен одбор за да се пресмета и наплати данокот на добивениот производ.

Откупените количини на хибридно, индустриско и болно вино неспособно за трошење кое се испраќа на друго претпријатие да се преработи или се преработува во самото откупно претпријатие, претпријатието ке го разведува по својата книга виното неспособно за трошење на страната на износот. Страната на износот ке содржи податоци за количините на вино транспортувано или земано да се преработи, назив на претпријатието и место каде што се транспортува виното и бројот на спроводницата. При преработката ке се внесе видот и количината на добиениот производ, со податоците за уплатувањето на данокот. Во забелешката од книгата околискиот народен одбор ке ја завери секоја ставка на книгата. Претпријатието е одговорно за правилното наплатување на данокот на сите откупени или применети количини на вино неспособно за непосредно трошење.

32. Државните откупни претпријатија должни се контрахираните количини на вино да ги превземат од производителите најдалеку до 31 јули.

Доколку откупното претпријатие од оправдани причини навогја за потребно да му се продолжи срокот на превземањето на виното, должно е на надлежниот околиски народен одбор да му поднесе благовремено молба во која што ке назначи: 1) име и презиме и место на живеењето на производителот; 2) точна количина на виното за кое се бара да се продолжи срокот на превземањето.

Околискиот народен одбор ако одобри да се продолжи срокот, ке го извести за тоа надлежниот местен народен одбор за да се одложи наплатата на данокот до истекот на новиот срок, односно најдалеку до 31 август. По истекот на овој срок откупните претпријатија должни се да го платат данокот на промет на производи на сите контрахирани а не превземени количини на конзумно вино. Оваа обврска не се однесува до количините на хибридно, индустриско и болно вино кое што ке остане кај производителот после 31 август. При пресметката на данокот ке се одбие на име кало и растур количините што се прописани до 31 август. После 31 август престанува одговорноста на производителот за наплатување на данокот, во смисла на точ. 22 од ова напатствие.

33) Производителот кој што има визба во местото на своето живеење а лозје на територијата на друг местен народен одбор, може да го пренесува виното од лозјето во визбата со потврда на месниот народен одбор на чија што територија се навогја лозјето за тоа дека произведените количини на вино не се внесени во книгата на производителите на тој местен народен одбор. Производителот во тој случај ке биде воведен во книгата на производителите на месниот народен одбор во кој што живее. Меѓутоа, ако се навогја визбата на производителот во лозјето, вон од местото на неговото живеење производителот ке биде воведен во книгата на производителите на месниот народен одбор во местото кај што се навогја лозјето и визбата.

34) Ако конзумните вина на кои што е платен данокот на промет на производи во прометот се расинаат и употребат за производство на дестилат, платеният данок на виното ке се признае при наплатувањето на данокот на произведеният дестилат, под услов неспособноста на виното да се троши, да е утврдена со анализа од надлежната станица за испитување на вина (енолошка станица). Сопственикот на такво вино должен е пред произведувањето на дестилат да поднесе пријава до месниот народен одбор и наедно да го приложи налазот од енолошката станица и доказ за платеният данок на тоа вино.

35) Производителот има право кај надлежниот местен народен одбор да го прегледа својот лист од книгата на производителите и да побара да се извршат евентуални исправки (во задолжувањето и раздолжувањето), врз основа на документите што ги има кај себе или и се приложени на книгата.

36) Како производствена година се смета времето од пописот на виното на една година до нова берење, односно до пописот на произведените коли-

чини на вино од следната година. Количините одобрени за трошење во домаќинството односно во задругата, за кало и растур важат за една година од 20 ноември на една до 19 ноември на следната година.

Во време од 1 до 15 септември месниот народен одбор ќе ја заклучи книгата на производителите за минатата производствена година. Заклучувањето на книгата ќе се изврши на тој начин што отуѓените количини на вино ќе се соберат по рубриките и ќе се одбијат од соодветните количини на вино утврдени со мерење. Така ќе се утврдат оние количини на вино кои што на 15 септември се наоѓаат како остаток кај производителот. Преостанатите количини на вино на кои што е платен данокот на промет на производи ќе се проверат при наредното мерење на вино од новото берење и ќе се внесат во друга книга. Доколку се покаже остаток на хибридно, индустриско и болно вино за тоа ќе се извести откупното претпријатие заради проверка и превземање. Мегјутоа, ако се покаже кај хибридното, индустриското и болното вино мањок кој што неможе да се оправда со продавање на државната откупна мрежа или со употреба врз основа на овластувањето по точ. 28) од ова напатствие мањокот ќе се наплати по одбивањето на соодветниот кало и растур од соодветниот собир на име на данок на промет на производи.

37) Државните трговски претпријатија, задружните дукјани и угостителските дукјани, како и сите лица, установи и организации кои што се занимаваат со трговијата и точење на вино мораат во своето редовно книговодство или во одделна книга да водат точни податоци за дневниот промет на виното, Катадневно мора да се забележува набавката и отуѓувањето на вино. Состојбата во магацинот мора да се сложува со состојбата по книгите.

Околиските народни одбори должни се најмалку два пати годишно да извршат контрола што се однесува до работењето со вино кај сите производители, трговски и угостителски претпријатија, односно кај сите што точат пијалоци.

III. — ФИНИ ВИНА, ВЕШТАЧКИ ВИНА И ШАМПАЊ ТАР. БР. 500

1) Како фини вина се сметаат сите природни вина од грозје со повеќе од 16% алкохол или со 5% екстракт, на кои што не им се додава нити алкохол нити шекјер.

2) Како вештачки вина се сметаат сите вина (специјални, аперитивни, ароматизовани) на кои што им е додаден алкохол, шекјер или други материи што им го определуваат видот. На материјалто (суровините) од кого што се изработуваат овие вина (шекјер, шпиритус, вина и др.) мора да биде платен данок по односните тар. бројеви, покрај данокот по тар. бр. 500.

3) Под вино на тип „Бисер" се сметаат вината на кои што им е додаден јаглен-диоксид и варена шира, со тоа натискот во шишињата да не преминува 1½ атмосфери и да немаат повеќе од 16% алкохол или 5% екстракт. Во противно, ако е натискот преку 1½ атмосфера ќе се смета како шампањ, а ако имаат натиск до 1½ атмосфера и поголема количина алкохол или екстракт ќе се смета како вештачко вино. При пресметувањето на данокот по пропишаната даночна стопа на количините на бисер ставени во промет ќе се одбие уплатениот данок на онаа количини на обично вино кои што се употребени за производство на бисер.

4) Медицински вина се сметаат вината чието подготвување и продавање се регулисани со прописите за апотеките и надзорот над прометот на лековите, без оглед на јакоста, екстрактната содржина и другите состојци.

5) Како шампањ се сметаат сите природни и вештачки пенушави вина во кои што дошле до повторно вриење во шишињата или им е додаден јаглен диоксит. Пропишаниот износ на данокот се уплатува пред ставењето во промет, без да се одбие уплатениот данок на обично вино употребено за шампањ.

IV. — ПРИРОДНА РАКИЈА (ТАР. БР. 501)

Што се смета како природна ракија

1) Како природна ракија се смета пијалок добивен со дестилација на превриена комина од свеже овошгие, грозје, вино, винска шира, кључ и винска тиња кој што покрај содржината етил-алкохол има и карактеристични особини на суровини од кои што е произведен а не преминува 55% алкохол на 15° С, и чијата дестилација е завршена на ракијски казани. Производството на ракија на сложени справи за печење може да се врши по одобрение на министерството на финансиите на народната република, кое што ќе испита да ли ракијата произведена на такви справи ги исполнува напред пропишаните услови.

2) Дестилатите на плодови кои што содржат скробни материи (пченка, компир, жито и сл.), потоа дестилатите на диња, лубеници, стамболки тикви, шекјерна репа, шекјерен сирк и меласа како и дестилатите на мешавините на овие плодови со овошгие се сметаат исто така како ракија и подлежуваат на данокот по овој тар. број ако немаат поголема јакост од 55% алкохол и ако не се произведуваат во фабриките на шпирит.

Бидејќи сите дестилати кои што се добиваат со помош на технички инсталации уобичаени во фабриките на шпирит имаат сите особини на шпирит (алкохол), без оглед на видот на суровините од кои што се производат заради тоа овие дестилати не можат да се сметаат како ракија чијата основна карактеристика е вкусот и миризмата на суровината и особините во непромената состојба да можат да се употребуваат за пиење, покрај оваа разлика во квалитетот на производот постои помегју шпиритот и ракијата и разлика во даночната стопа која што бара точно разграничување на овие два производа. Бидејќи шпиритот претежно се употребува за преработка, поради тоа има пониска даночна стопа, и после преработка во алкохолни пијалоци подлежува и на данокот по тар. бр. 502 од Тарифата, а не по тар. бр. 501 кој што важи само за природни ракии.

3) Не се смета дека ракијата ги загубила карактеристичните особини ако и се додава разно домашно растение или плодови под услов да не се додаваат никакви други зачини (есенција, етерски уља, екстракти) нити шекјер (нановача, клековача, треварица, оревка и сл).

Нема да се смета како засладување ако на ракијата и се додаде најповеќе 1% пржен шекјер (карамела) заради боја.

Нема да се смета вештачка ракија ако на природната ракија за да биде со поголема алкохолна содржина и се додаде рафиниран шпирит најповеќе до 15% од вкупната јакост на ракијата во хл°, пот услов да не и се додаваат никакви други материи. На употребените количини на шпирт мора да се уплати разликата по данокот помегју тар. бр. 491 и 501.

4) Дестилатот на вино-вињак кој што се произведува на начинот прописан во точ. 1 и после произведувањето се држи во дабови буриња да би добил боја и вкус (тип на коњак) подлежува на данокот по овој тар. бр.

5) Во случај јакоста на ракија да не може да се утврди со алкохолометар ќе се смета дека мека ракија содржи 25% алкохол, а лута 40%, Овој начин на пресметување јакоста на ракијата може да се примени само во исклучителни случаи, бидејќи може да доведе до големи несложувања при пресметувањето на произведените и отуѓените количини на ракија и при пресметувањето на данокот. Поради тоа ваков начин на пресметка треба да се смета како временен и треба да се исправи штом ќе може да се утврди точната јакост на ракијата, а тоа секогаш ќе биде случај при предавањето на контрахираните количини. При ова треба да се обрне внимание производителот во мегјувремето да не го променил квалитетот на ракијата со додавање вода, а тоа може да се утврди со мерење на запремината на ракијата која што во

тој случај мора да биде поголема, земајќи ја во оглед количината која што во мегјувремето е отугјена.

Пријави за производството на ракија и мерење на произведените количини

6) Сите производители на ракија и на макар какви други дестилати кои што подлежуваат на данок по тар. бр. 501 од Тарифата на данокот на промет на производи, без оглед на суровините од кои што се произведуваат, должни се пред почетокот на производството да му поднесат на месниот народен одбор пријава за производството. Пријавата може да се поднесува писмено или усно. Писмените и усните пријави се внесуваат во регистер на пријавите на производителите на ракија со следни податоци: 1) реден број; 2) презиме, име и кукјен број на производителот; 3) број на членовите на фамилијата постари од 18 години; 4) место и ден на производство; 5) вид и количина на суровините (комината); 6) презиме, име и место на сопственикот на казанот; и 7) потпис на производителот. Месниот народен одбор по можност ке го провери видот и количината на суровините и ке го контролира самото производство. Државната откупна мрежа должна е во оваа работење да му укаже помошт на народниот одбор, а особено во стручни службеници и справи со кои што се утврдува јакоста на произведената ракија.

7) По завршетокот на производството месниот народен одбор мора да испрати службеник, кој што, по потреба, заедно со стручниот службеник на државната откупна мрежа, ке ја утврди точно количината и јакоста на произведената ракија.

На мерењето мора да присуствува производителот и еден член на домакјинството постар од 18 години, односно друго овластено лице.

8) Сопствениците на поголеми казани за производство ракија, што ги дазаат во наем на други лица, треба по можност да се снабдат со баждарени собирни садови во кои што тече ракијата од ладњакот. Цевта (спојот) помегју ладњакот и собирниот сад треба да биде подесена да се пломбира или печати, а исто така и отворот на собирниот сад, како би се оневозможило одведување на ракијата вон од собирниот сад и отворање на самиот собирен сад. На тој начин ке биде обезбедено правилно наплатување на данокот на сите произведени количини, а пресметката на данокот ке се врши кога ке се наполни собирниот сад или кога ке се заврши производството. За производство на вински дестилат задолжителна е употреба на собирен сад.

9) Ако е температурата во времето на мерењето на произведената количина на ракија значително повисока или пониска од нормалната (+ 12 Реомирови или + 15 Целзиеви), потребно е измерената привидна запремена (волумен) да се поправи со помошт на редукциски табици и да се пронајде права запремина.

Јакоста на ракијата односно даночната основица (хектолитарскиот степен) може да се утврди само со мерење со помошт на алкохолометар со тоа привидната јакост утврдена на алкохолометар, со помошт на редукциски таблици да се додаде на права јакост при нормална температура од + 12° Реомирови или + 15° Целзиеви. Само на овој начин утврдената права јакост и количината на хектолитарските степени може да служи за даночна основица и како основ за одредување на откупната цена. Доколку алкохолометарот има поделба спрема Целзиевата скала, а редукциските таблици се изработени за температура по Реомировата скала, прво треба да се претворат Целзиусовите степени во Реомирови множејќи 4,5 (100° Целзијеви = 80° Реомирови). На пример, + 25° × Ц × 4/5 = = 100/5 = 25° Р. Обратно, ако треба да се претворат Реомирови степени во Целзиеви, треба да се помножат со 5/4 на пример + 15° Р × 5/4 = 75/4 = + 18,75° = 19° Ц.

Еден степен на јакост престарува 1 см³ (стоти дел на литар) на чист алкохол, а еден ектолитарски степен (хл³) се состои од 100 куб. сантиметри (1 кубен десиметар) односно 1 литар на чист алкохол на пр. 1 литар ракија од 25% јакост содржи 25 см³ чист алкохол односно 0,25 хл°. Спрема тоа 100 литри ракија 25% јакост содржан 25 хл° (25 литри) алкохол и 75 литри вода.

Само во исклучителни случаи, кога алкохолометар не може да се набави може за пресметка на данокот да се земе како просечна јакост на мека ракија 25%, лута 40%.

Но и во тие случаи волуменот (запремината) на ракијата мора што поточно да се утврди. Во записникот за мерењето на ракијата мора да се назначи да ли е јакоста утврдена со алкохолометар или како основ за пресметка е земена просечна јакост. Кога мерењето на ракија се врши во времето кога температурата значително одстапува од просечната и ако при тоа разликата во температурата не се зема во оглед, тоа може да доведе до многу големи разлики во хл° ако поради недостаток на алкохолометар се земе како основ просечната јакост. На овој начин ке се појавуат големи разлики помегју произведените и отугјените количини на ракија. На пример: ако алкохолометар покажува 45%, ова наедно претставува права јакост на ракијата само ако во времето на мерењето температурата е нормална — + 12° R или + 15° С. Мегјутоа, ако во време на мерењето температурата изнесува + 25° R, прочитаните 45% јакост на алкохолометарот претставува права јакост од 38,6%; а кога температурата би изнесувала — 5° R тогаш правата јакост изнесува 52,9%. Разликата во запремината (волуменот) во односот на нормалната температура изнесува на + 25° — 1,2 литра од секој 100 литри а кај — 5° R + 1½ литри од секот 100 литри, што значи дека ако ракијата на 45% права јакост на нормална температура има запремина од 1.000 литри оваа иста количина на ракијата од 450 хл°, на температурата од + 25° R има запремина од 1012 литри, а на температурата од — 5° R 985 литри.

10) Утврдувањето на произведената количина јакост на ракијата ке се врши со записникот по образецот бр. 6. Записникот се состава во 2 примерка, од кој што еден му се остава на производителот, а вториот му се предава на месниот народен одбор за да и се приложи на книгата на производителите на ракија. Записникот го потписува прозводителот, односно неговиот застапник и службениците што го извршиле мерењето. Производителот може во срок од три дена да стави приговор на записникот до месниот народен одбор. Приговорот може да се стави писмено или усно. Решение по приговорот донесува извршниот одбор на месниот народен одбор, односно повереникот за финансии на околискиот народен одбор.

11) Пријави и мерење ракија кај селанските работни задруги и државните земјоделски добра и установи. — Пријавата до надлежниот местен народен одбор ја поднесува одговорниот претставник на задругата или на државното добро со исти податоци како и по точ 6. Во пријавата не треба да се внесуваат произведените количини на ракија од страна на селанските работни задруги од суровините на окукјницата.

Членовите на селанските работни задруги кои што производат ракија од суровините на окукјницата должни се да поднесат одделна пријава со исти податоци и во ист срок како под точ. 6.

Доколку површината на окукјницата под овошна градина, односно лозје не изнесува повекје од ½ хектара, кај такви производители-членови на селанските работни задруги не ке се мерат произведените количини на ракија, туку ке се сметаат дека тие количини му припагјаат на производителот, без плаќање данок на промет на производи за трошење во домакјинството. Со произведените количини на ракија производителот може слободно да располага.

Мегјутоа, ако површината на окукјницата под овошна градина односно лозје изнесува повекје од

½ хектар, месниот народен одбор ке изврши мерење на произведените количини на ракија и натаму ке постапи како и со другите производители.

Внесување податоци во книгата на производители на ракија и одобрување на количини за трошење што припагјаат на домакинството

12) Врз основа на записникот месниот народен одбор врши пополнување на книгите на производители на ракија, кој што ја води по образецот бр. 2. По забележувањето на произведената количина на ракија во книгата на производителите, во соодветната рубрика ке се внесе количината одобрена за трошење во домакјинството без плакјање на данок. Ако производителот нема поголеми количини на ракија од оние на кои што има право да ги троши во домакјинството без да плакја данок, нема да се внесува во книгата на производители, туку записникот ке се приложи кон регистерот на пријавите на производителите со назначување на произведените количини на ракија во литри и во хектолитарски степени.

Бројот на членовите од домакјинството на производителите се утврдува при премерувањето на произведените количини, и тоа се внесува во записник.

13) Под член на домакјинство кој што има право да употребува ракија без да плакја данок на промет на производи се подразбира секое лице постаро од 18 години кое што постојано живее во домакјинството. Борците на ЈА за време на служењето срокот, учениците и лицата што се навогјаат на времено работење се сметаат како постојано да живеат во домакјинството.

14) Сопствениците и сусопствениците на овошните градини и членовите на нивното домакјинство, кои што не живеат во истото место кај што се навогја овошната градина, односно лозјето и кој што не се занимаваат со земјоделие туку имаат друго занимање, имаат право на соодветни количини на ракија за домшно трошење без да плакјаат данок. За да се оствари ова право во една производствена година должни се да поднесат пријава до надлежниот местен народен одбор до 1 февруари на секоја година, односно пред почетокот на производството за текукјата производствена година.

15) Колонистите кои што во поранешното место ја задржале овошната градина, односно лозјето, имаат право на соодветна количина ракија без плакјање на данок од овошната градина во поранешното место под услов во новото место воопште да немаат овошна градина односно лозје или да немаат достаточна количина на ракија која што им припагја за трошење во домакјинството без да плакјаат данок. Месниот народен одбор, надлежен за местото во кое што е овошната градина, ке одобри употреба на соодветни количини ракија без плакјање на данок само врз основа на уверението од месниот народен одбор на местото на постојаното живеење дека на новото земјиште немаат овошна градина или од таа овошна градина немаат достаточни количини на ракија за домашно трошење без плакјање данок. Во уверението треба да се наведе и бројот на членовите на домакјинството од 18 години. Ова уврение треба да се поднесе пред почетокот на производството за текукјата производствена година.

16) Исполичарите и закупувачите кои што ја обработуваат овошната градина со сопствена работна сила се сметаат како производители.

17) Селанските работни задруги и лозјарските производствени задруги должни се при мерењето на задружната ракија да поднесат во два примерка список на домакјинствата на задругата со бројот на членовите преку 18 години. За оние членови на задругата кои што имаат ракија од суровините на окукјницата треба да се внесат во список и количините на ракија добивени од суровините на окукјницата, како и евентуалната разлика која што треба да ја добијат од задружната ракија, доколку количините добивени од окукјницата се помали од оние на кои што имаат право спрема бројот на членовите на домакјинството. После проверувањето на поднесениот список еден заверен примерок од списокот и се враќја на задругата, и по него има да се врши издавање на ракија на членовите, а вториот примерок и се приложува на книгата на производителите.

Од вкупните количини на ракија која што по список им се издава на членовите на селанските работни задруги за трошење во домакјинството, ке се одобри 5% без плакјање на данок за потребите на самата задруга при обработувањето на земјиштето и за одржување приредби и прослави. Овие количини не можат да им се делат на членовите без да плакјаат данок.

18) Доколку еден производител произведува ракија повекје пати во текот на производствената година, ке му се пресметаат количини за трошење во домакјинството при првото производство. Од подоцните производства ке му се пресмета само разликата, ако при првото производство не било достаточно произведена ракија за да го покрие домашното трошење.

19) Во срок од 10 дена по завршеното производство производителот е должен на месниот народен одбор да му поднесе договор за контрахираните количини на ракија за откуп, ако таков договор постои.

Пресметка и уплатување на данок

20) На име кало и растур ке се одбие пред пресметката на данокот на промет на производи 2% од вкупно произведените количини на ракија. Освен тоа, за оние количини на ракија кои што се контрахирани за откуп ке се смета на име кало уште 0,5% месечно. Овој кало ке се пресметува за секој започнат месец на лежење, али само на оние количини на ракија кои што во конкретниот случај се превземаат од страна на откупните претпријатија.

На име растур при транспортот на ракија од производителот до откупната станица ке се одбие 1% од транспортните и испорачаните количини. Калото од 0,5% и растурот при транспортот од 1% го пресметуваат откупните претпријатија при превземањето на ракијата.

21) Месниот народен одбор, по истекот на срокот за поднесување договор, ке пристапи кон пресметката на данокот на промет на производи од кога од вкупната количина на произведената ракија претходно ке ги одбие:

а) количините одобрени за трошење во домакјинството на производителот без плакјање на данок;

б) контрахираните количини за откуп; и

в) одредени количини на име кало и растур по точ. 20 на ова напатетвие.

На остатокот на ракијата месниот народен одбор ке му издаде на производителот налог за да го уплати данокот на промет на производи. Данокот има да се плати во срок од 10 дена од денот кога ке се прими налогот.

Податоците за уплатата на данокот се внесуваат во соодветната рубрика од книгата на производителите на ракијата. По уплатата на данокот месниот народен одбор на производителот му издава потврда по образецот бр. 3.

22) Исклучително, на оние количини на ракија за кои што ке се склучи договор за откуп со државната откупна мрежа, откупното претпријатие плакја данок кога ке ја превземе ракијата. Но, производителот е одговорен за правилната наплата на данокот и на овие количини на ракија се до нивното превземање од страна на откупното претпријатие, односно до истекот на срокот за превземањето на ракија. После овој срок престанува одговорноста на производителот за наплатување данокот на договорените, а не превземените количини на ракија.

23) Сопственикот на казанот за ракија кој што произведи ракија за други лица за наградa во пари или во натура (уем), должен е на месниот народен одбор да ги пријави лицата за кои што произвел ракија, и количините на ракија примена како уем. Ако производството трае подолго време, пријавата мора да се поднесе во срок од 5 дена по истекот на секој месец. За сопствениците на овие казани ке

ое основа специјална белешка во која што ке се внесуваат применените количини на ракија на име уем. Точноста на пријавените количини ке се проверува спрема пријавите на прозводителите за чија сметка е вршено производството. Пресметката на данокот на применените количини на ракија на име уем ке се врши секој месец. Доколку при првата пресметка во годишниот производствен период применените количини на ракија на име уем не се поголеми од количините кои што сопственикот на казанот има право да ги троши во домаќинството без плаќање данок, ке се одбие од уемната ракија 2% на име кало и растур, а остатокот ке се внесе во белешката како количина за трошење во домаќинството без плаќање данок. При следните пресметки, доколку количините за трошење во домаќинството без плаќање данок се веќе намирени, од уемната ракија ке се одбие само 2% на име кало и растур и контрахираните количини за откуп. На остатокот има да се издаде налог за да се уплати данокот кој што има да се уплати во срок од 10 дена од денот на предавањето на налогот. Освен тоа од вредноста на применета уемна ракија има да се пресмета данокот на накнада за услугите.

24) Производителите на ракија односно дестилат од тар. бр. 501 на Тарифата кои што вршат производство на откупените или на макар по кој основ набавените суровини должни се да поднесат пријава по точ. 6 на ова напатствие. Нивните апарати за производство ракија мораат да им одговараат на прописите на точ. 8 од ова напатствие. Овие производители се должни да го уплатат данокот на промет на производи на целокупно произведените количини на дестилат без никакви одбитоци, и тоа во срок од 10 дена по завршеното производство.

25) Отуѓувањето-продавањето на ракија се внесува во книгата на производителите, и тоа во одделни рубрики оние количини на кои што е платен данокот на промет на производи, а во одделни рубрики оние количини што ги превземаат откупните претпријатија. Податоците за уплатата на данокот на промет на производи од страна на откупното претпријтије, се внесуваат исто така во одделни рубрики, а во одделни рубрики податоците за уплатата на данокот од страна на самиот производител.

26) Ако производителот во прописаниот срок не го плати данокот на промет на производи месниот народен одбор ке пристапи данокот да се наплати по прописите кои што важат за наплатување данокот од нередните даночни должници, земајќи во попис во прв ред соодветни количини ракија, кои што треба да и се отстапат на државната откупна мрежа по одредените цени. На вака предадени количини на ракија данокот го уплатува откупното претпријатије.

Обврски на производителите и на откупната мрежа при продавањето и откупот на ракија

27) Производителот е должен на месниот народен одбор, да му пријави секое отуѓување-продавање на ракија на која што е платен данокот на промет на производи. Врз основа на оваа пријава месниот народен одбор ги внесува отуѓените количини во соодветна рубрика на книгата на производителите.

28) Откупните претпријатија должни се од производителите да ги превземаат контрахираните количини на ракија во срок од 3 месеци. Срокот почнува да тече од денот на заклучувањето на договорот за откуп. Откупните претпријатија можат во оправдани случаи да бараат од околискиот народен одбор да се продолжи срокот на испорачката уште за месец дена и за добивеното одобрение да го известат месниот народен одбор. По истекот на тој срок претпријатието е должно да го плати данокот на сите контрахирани количини ракија, без оглед да ли се превземени или не. При пресметката на данокот ке се одбие калото и растурот 0,5% месечно, спрема времето на лежањето, односно од одобрениот срок за превземање. По истекот на срокот на превземањето престанува одговорноста на производителот што се однесува до наплатувањето данокот на контрахираната количина.

29) Производителот е должен секое отуѓување на ракија, макар по кој основ, да го пријави на месниот народен одбор. За количините на ракија кои што ги превзема откупното претпријатие производителот е должен пренесувањето усно да го пријави на месниот народен одбор кој што ке му издаде потврда по образецот бр. 4. Во примерокот на потврдата кој што му се предаде на производителот ке се исполни само име и презиме на производителот, а на примерокот кој што останува во блокот — уште и количината и јакост на ракијата што се носи. Откупното претпријатие должно е по приемот на ракијата да ги внесе во потврдата сите потребни податоци и да му ја предаде на производителот како доказ за превземените количини на ракија.

30) Откупните претпријатија должни се во времето кога вршат откуп да поднесат за секои 10 дена до месниот народен одбор список на производителите кај кои што во текот на минатата декада превзеле ракија. Во списокот треба да се назначи количината, јакоста и износот на хектолитарските степени на превземената ракија, како и признатиот кало и растур. Месниот народен одбор ке води белешка за превземањето на ракија од страна на откупните претпријатија и во неа ке ги внесува вкупните количини превземени во текот на декадата.

Врз основа на списокот месниот народен одбор ке ги разводи превземените количини на ракија во вториот дел од книгата на производителите.

Месниот народен одбор ке води специјална белешка во која што одделно за секое откупно претпријатије ке ги внесува превземените количини на ракија во текот на декадата по предадените списоци и износот на данокот на промет на производи за превземените количини.

Откупното претпријатие должно е во срок од 5 дена по истекот на декадата да го уплати данокот на промет на производи на превземените количини ракија во текот на декадата.

Откупното претпријатие во вирманскиот налог, во рубриката „цел на дознаката" ке означи дека уплатената сума на данокот се однесува на ракијата откупена од територијата на дотичниот местен народен одбор. Народната банка извештајот кој што му је наменет на поверенството на финансии ке му го испрати на оној местен народен одбор од чија што територија е откупена ракијата. Овој извештај ке се приложи со белешката за задолжувањето на откупното претпријатие со данокот за откупната ракија.

Месниот народен одбор, по приемот на извештајот од народната банка за уплатувањето на данокот, ке провери спрема белешката да ли претпријатието правилно го пресметало и уплатило данокот за односната декада. За ова ке се служи и со блоковите на потврди по образецот бр. 4. Доколку најде дека претпријатието пријавило помали количини ракија одколку што фактички превзело, или уплатило помалку данок одколку што требало, на претпријатието ке му издаде налог за да ја уплати разликата во данокот. Претпријатието е должно износот по налогот да го уплати во срок од 5 дена.

31) Како производна година се смета времето од 1 февруари на една до 31 јануари на следната година. Количината на ракија одобрена за трошење на домаќинството односно задругата, како и одобрените количини за кало и растур важат за една производствена година.

Во времето од 1 до 15 февруари месниот народен одбор ке ја заклучи книгата на производителите за минатата година, а преостанатите запаси на ракија на кои што е платен данокот на промет на производи ке ги внесе во новата книга за следната година. При заклучувањето книгата треба да се проверат сите податоци по рубриките од првиот и вториот дел на книгата на производителите и ке се утврди да ли се сложуваат.

32) Државните трговски и угостителски претпријатија, задружните продавници и угостителските дуќани, како и сите лица установи и организации кои што се занимаваат со трговија и со точење на ракија мораат во своето редовно книговодство или во одделна книга да водат точни податоци за дневниот промет на ракијата. Катадневно мора да се забележува набавувањето и отуѓувањето на ракија. Состојбата во магацинот мора да се сложува со состојбата по книгите.

Околиските народни одбори должни се најмалку два пати годишно да извршат контрола што се однесува до работењето со ракија кај сите производители, трговски и угостителски претпријатија, односно кај сите точачи на ракија.

V. ДРУГИ АЛКОХОЛНИ ПИЈАЛОЦИ (ТАР. БР. 502)

1) Како ликери се сметаат сите алкохолни пијалоци подготвени од мешавина на алкохол, вода шекјер ароматични материи и други состојци што им го определуваат видот.

2) Под точ. 2) на тар. бр. 502 спаѓаат споменатите алкохолни пијалоци подготвени од мешавина на алкохол со додаток на ароматични материи, шекјер, или други материи што им го определуваат видот.

3) Под точ. 3) на тар. бр. 502 спаѓаат сите вештачки ракии и алкохолни пијалоци кои што не се споменати во точ. 1 и 2 на тар. бр. 502 и кои што се подготвени од мешавина на алкохол, вински дестилат, ракија, вода и од разни ароматични и други материи што им го определуваат видот. На сите пијалоци може да им се додаде најповеќе 1% пржен шекјер (карамела) заради боја и вкус. Осем тоа под точ. 3 тар. бр. 502 спаѓаат шпирит и вински дестилат преку 55% јакост кога се употребуваат како алкохолен пијалок, со тоа во овој случај да се плаќа и данок по тар. бр. 502, покрај платениот данок по тар. бр. 491.

Исклучително од прописите на претходната точка под точ. 3) тар. бр. 502 спаѓаат и алкохолните пијалоци на типот коњак или бренди кои што се подготвени од вински дестилат преку 55% јакост.

VI. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Прометот на вино и ракија во непроменета состојба од страна на производителите и други лица слободен е и не подлежува на натамошна контрола и ограничувања, доколку со ова напатствие не е инаку предвидено.

Секоја повреда на одредбите од ова напатствие ке се казни према односните прописи на Законот за даноците, Уредбата за данокот на промет на производи и Уредбата за финансиските прекршоци. Обрасците што се прописани со ова напатствие ке ги печатат министерствата на финансиите на народните републики према формуларите што се објавени со Напатствието за наплатувањето и контролата данокот на промет на производи на вино и ракија „Службен лист на ФНРЈ" бр. 77/49) освен првиот дел на образецот бр. 4.

Со влегувањето во сила на ова напатствие престанува да важи Напатствието за наплатувањето и контролата данокот на промет на производи на вино и ракија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 77/49).

Ова напатствие влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија"

Бр. 5539
20 мај 1950 година
Белград

Го застапува Министерот на финансиите
на ФНРЈ,
Министерот на надворешната трговија
на ФНРЈ,

Милентије Поповиќ, с. р.

325.

Врз основа на точ. IV од Напатствието на Владата на ФНРЈ за земјоделските добра и фарми на околиските и градските Народни одбори и за расподелбата производите од тија добра („Службен лист на ФНРЈ", бр. 34/50), а во согласност со Претседателот на Советот за промет со стока на Владата на ФНРЈ, прописувам

НАПАТСТВИЕ

ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ДОБРА И ФАРМИ НА ОКОЛИСКИТЕ И ГРАДСКИТЕ НАРОДНИ ОДБОРИ И ЗА РАСПОДЕЛБАТА И УПОТРЕБАТА НА ПРОИЗВОДИТЕ ОД ТИЕ ДОБРА

I. Основањето на нови и проширувањето на постоеќите земјоделски добра и фарми на околиските и градските Народни одбори се врши на земјиштето од земјишниот фонд и на друго земјиште со кое што раководат овие одбори.

II. Околиските и градските народни одбори основаат свои земјоделски добра и фарми по прописите на Основниот закон за државните стопански претпријатија.

Фарми можат да се основаат или како одделни претпријатија или во состав на околиското (градското) земјоделско добро.

Околиските и градските народни одбори основаат земјоделски фарми како одделни претпријатија ако е површината на земјата недостаточна за основање земјоделското добро а достаточна е да се води една гранка на земјоделското производство (живинарство, куничарство, градинарство и сл.) или ако се работи за ридски ливади и пасишта, на кои што може да се основа само сточарска фарма а нема услови за други гранки од земјоделското производство.

III. Земјоделските добра и фарми на околиските градските народни одбори служат на прво место да се подмират потребите на жителството од околијата односно градот со земјоделски производи, а потоа за унапредување на земјоделието и за наголемување на земјоделското производство. Во таа цел земјоделските добра и фарми вршат:

1) планско производство на земјоделските производи за снабдување на работното жителство од околијата односно градот со предмети на прехрана а особено со производи за добиток, зарзават, живина, јајца и сл;

2) производство на крмни растенија и друга рана за добиток во количини што се потребни за прехрана на нивниот добиток; и

3) производство на сортно семе, овошни пресадници, калеми за лози, приплоден добиток и сл. во границите на возможностите и потребите свои и потребите на своето подрачје.

Освен тоа, земјоделските добра и фарми на околиските и градските народни одбори можат да се употребуваат за земјоделски научно-истражувачки испитувања, ако тие испитувања не би смекјавале да се извршат задачите од точ. 1 и 2 од овој став.

IV. Земјоделските добра на околиските и градските народни одбори треба, по правило, да се занимаваат и со живинарство и пчеларство и во својот состав да организираат најмалку две сточарски фарми според реонот и условите за одгледување на поодделни видови на добиток. Во преодни и планински реони треба да се развиваат фарми за говеда и овци, а во житородни реони фарми за говеда и фарми за одгледување и гоење свињи.

V. Околиските и градските земјоделски добра и фарми треба, по правило, со сопствено производство да обезбедуваат потребна рана за добиток за прехрана на својот работен и приплоден добиток. Исклучително, дека се условите поволни за одгледување на еден вид од добиток а делимично не достанува рана за добиток(одгледувањето на свињи во шуми и гоење на истите), набавка на храна за добиток може да се врши од житниот фонд.

VI. Годишниот план на производството на околиското градското земјоделско добро односно на фармата го донесува извршниот одбор на околискиот (градскиот) народен одбор по предлог на повереникот за земјоделие.

Во планот треба да бидат јасно изложени: вкупното производство по артикли, потребите на доброто за репродукција и инвестиции количината на производите која што служи за подмирување потребите на обезбеденото снабдување и количината на производите за дополнителното снабдување на работниците и службениците на подрачјето на околијата односно на градот.

Поблиски напатствија за изработка плановите на производството на овие добра и фарми пропишуваат министрите што се надлежни за државните земјоделски добра на народните републики во согласност со министрите на трговијата и снабдувањето на народните републики.

VII. Работната сила за производство на државните земјоделски добра и фарми на околиските и градските народни одбори се обезбедува од фондот на работната сила.

VIII. Откупните претпријатија нема да одкупуваат земјоделски прехранбени артикли произведени на околиските (градоките) земјоделски добра и фарми.

Со планот предвидените количини на прехранбените артикли на обезбеденото снабдување исклучително служат за да се подмират потребите на потрошачите на обезбеденото снабдување на дотичната околија односно градот, и со нив за таа цел располага поверенството на трговијата и снабдувањето на извршниот одбор на околискиот (градскиот) народен одбор.

IX. Земјоделското добро односно фарма должни се преку поверенството за земјоделие да му испратат на поверенството за трговија и снабдување на околискиот (градскиот) народен одбор извод од потврдениот производен план за предмети на исхрана кои што влегуваат во обезбеденото снабдување.

Поверенството за трговија и снабдување на околискиот (градскиот) народен одбор испраќа во сумаријум на министерството на трговијата и снабдување на народната република извод од производните планови на земјоделските добра и фарми на своето подрачје.

X. Министерството на трговијата и снабдувањето на народната република, при разработката на околиските (градските) планови на расподелбата предметите на исхраната од обезбеденото снабдување ке ги засмета во тие планови сите количини на тие предмети кои што, по одобрените планови на производството ке се произведат на земјоделските добра и фармите на односната околија или град.

XI. Ако произведените количини на поедни прехранбени артикли се поголеми од планираните количини во дотичната околија односно град, извршниот одбор на околискиот (градскиот) народен одбор ке го употреби одвишокот на дополнителното снабдување на приоритетните потрошачи (работниците на потешки работи, здравствените, социјалните и детските установи, мензите, работничко-службеничките ресторанти, угостителските претпријатија итн.).

На ист начин извршниот одбор на околискиот (градскиот) народен одбор располага со планираните количини на производите на дополнителните прехранбени артикли, а одвишоците на овие производи земјоделските добра односно фарми можат да ги изнесуваат на пазар преку сопствените продавници или преку околиската (градската) малопродавна мрежа.

XII. Ако на земјоделските добра и фарми доброволно работеле работници и службеници на претпријатијата, установите и надлештвата или други лица, на такви лица ке им се осигура право за добивање одвишокот во артиклите кои што спаѓаат во дополнителното снабдување.

XIII. Ова напатствие влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

Бр. 1875
24 мај 1950 година

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Советот за земјоделие
и шумарство,
Мијалко Тодорович, с. р.

Согласен,
Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Советот за промет со стока,
Осман Карабегович, с. р.

326.

Врз основа на точ. 30 од Наредбата за извршување планот на градежните обекти во 1950 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 14/50) во согласност со Претседателот на Сојузната планска комисија, пропишувам

НАПАТСТВИЕ
ЗА ПРИМЕНУВАЊЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕТО ПЛАНОТ НА ГРАДЕЖНИТЕ ОБЕКТИ ВО 1950 ГОДИНА

1. При склучувањето на договорите за градење на градежни обекти, како конечна договорна вредност на работите се зема предсметковната сума на ревидираната и одобрената предсметка од изводачот за оној обем на работите што е одобрен со насловниот список (ГАаПЗ) за дотичниот градежен обект.

2. Доколку со наслозниот список одобрената инвестициона сума за поодделни градежни обекти не е достаточна да ги покрие предсметковната сума на изводачот, главниот инвеститор е должен, од вкупно одобрената инвестициона сума за градежните обекти во 1950 година, со вирман да го обезбеди потребното покритје за сите оние обекти кои што се врз основа на квотите на материјалот и работната сила што се поделени на главниот изводач, можат да се изведат во 1950 година.

За извршените вирмани главниот инвеститор е должен да ја извести Државната инвестициона банка.

3. Вирманисањето може да се врши од градежен обект на градежен обект од ист вид градба.

За вирманисање од обект на обект од различит вид на градба потребна е согласност од главниот изводач (за народната република како главен изводач — согласност од министерот на градежите на народната република).

За вирманисање од градежните обекти, што ги изведува една народна република (како главен изводач) на градежните обекти, што ги изводи друга народна република (како главен изводач) потребна е согласност од Претседателот на Советот за градежништво и градежна индустрија на Владата на ФНРЈ.

4. Главните изводачи (за народната република како главен изводач — Министерството на градежите на народната република) ке состават во согласност со главните инвеститори, а врз базата на предсметковните суми на изводачот, список на градежните обекти што се избилансирани во рамките на доделените квоти на материјалот и работната сила и ке ги испратат на согласност до Претседателот на Советот за градежништво и градежна индустрија на Владата на ФНРЈ.

За градежните обекти што се започнуваат (нови обекти) а кои што се внесени во списокот од претходниот став не е потребно да се бара уште одделно одобрение за да се започне со градењето по точ. 25 од Наредбата за извршување на градежните обекти во 1950 година.

Споменатите главни изводачи должни се списокот на обектите што е разделен по непосредните изводачи, за кои што Советот за градежништво на Владата на ФНРЈ дал своја согласност, да и го испратат на Државната инвестициона банка.

5. За градежните обекти што се од таква природа за да можат да се изводат и врз основа на технички опис или рачни скици (како на пример дрвени бараки, настрешници, шупи, огради, топли леи, бална

ништа, шумски влаки, времени патишта, времени манипулативни колосеци, дековилски колосеци, водени и суви рижи: обновување и проширување на времени индустриски и шумски патишта, пруги, чекрци, телефонски линии; инвестиционо одржување и адаптации и слично) договорите можат да се склучуваат и без претходно изработен и ревидиран проект само со задолжително поднесување предсметката од страна на изводачот.

6. При склучувањето на договорите за изградба обектите во 1950 година се позволуваат следните отстапувања од точката 16 на Наредбата за извршување градежните обекти во 1950 година:

а) за градежните обекти за кои што се применуваат одобрените типски проекти (приземни жилишни згради, земјоделски згради, магацини, и др.) можат да се склучат договори и да се започне финансирање на работите врз базата на одобрениот идеен проект и предсметката (пресметката) на проектантот, со тоа изводачите на работите да се должни да и поднесат на Државната инвестициона банка предсметка во срок од 45 дена после склучувањето на договорот;

б) кај обектите за кои што главните проекти и предсметките се изработуваат и одобруваат парцијално, може да се склучи договор и да се започне финансирањето на работите врз основа на одобрениот прв парцијален дел на главниот проект и предсметката на изводачот. Како прелиминарна сума на годишниот договор ке се земе износот што е одобрен во насловниот список, Во таков договор мораат точно да се споменат сроковите во кои што е должен инвеститорот да му ги предаде на изводачот другите делови од Главниот проект и предсметките на проектантот. Изводачот е должен во срок од месец дена после приемот на секој дел од главниот проект и предсметката на проектантот, да и испрати на Инвестиционата банка своја одобрена парцијална предсметка;

в) договорот за целиот инвестиционен обект може да се склучи со одобрение од Министерот на градежите од односната народна република и за случај да за сите градежни обекти од тој инвестиционен обект да не се уште изработени проектите со предсметката, но со тоа во договорот да се назначи срокот кога ке се приложат потребните елаборати за тие обекти што недостануваат. За овие градежни обекти како прелиминарна сума се зема сумата што е одобрена со насловниот список.

7. Кон работите во сопствена режија може да се пристапи со согласност од министерот на градежите на народната република на чија што територија се изводи градежниот обект.

8. Ова напатствие ке се применува од денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

Бр. 8303
2 јуни 1950 година

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Советот за
градежништво и градежна идустрија,
Љубчо Арсов, с. р.

Согласен,
Претседател на Сојузната планска комисија,
Борис Кидрич, с. р.

327.

Врз основа на точ. 2а) од Напатствието за формирање и определување цените по кои што производителните претпријатија од сојузно и републичко значење ке продаваат производи од широкото трошење во слободно продавање („Службен лист на ФНРЈ", бр. 29/50) во согласност со Министерот на финансиите на ФНРЈ, прописуваме

НАПАТСТВИЕ

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПАЗАРИШНАТА ДОБИВКА ПРИ ФОРМИРАЊЕТО И ОПРЕДЕЛУВАЊЕТО НА ЦЕНИТЕ ПО КОИ ШТО ПРОИЗВОДИТЕЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ОД РЕПУБЛИЧКО ЗНАЧЕЊЕ КЕ ПРОДАВААТ ПРОИЗВОДИ ОД ШИРОКОТО ТРОШЕЊЕ ВО СЛОБОДНО ПРОДАВАЊЕ

1) Производителните претпријатија односно нивниот административно-оперативниот раководител доколку тој е по постоекјите прописи врши продавање на стока, при формирањето и определувањето на продавните цени на своите производи за слободно продавање, ке определуваат самостојно износ на индивидуалната пазаришна добивка за поодделни артикли земајќи го во оглед особено:

а) Својот план на пазаришната добивка, и

б) односот на понудата и барањето за дотичниот артикал на пазариштето.

2) Со цел на правилно определување износот на индивидуалната добивка за поодделни артикли, производителните претпријатија постојано ке го следат односот на понудата и барањето на пазариштето со одржување постојана врска со трговските претпријатија на мало што работат со нивните производи, како и со трговските агенции за посредување во прометот со стоката од слободното продавање.

3) Ова напатствие ке се применува и на производителните претпријатија што се навогјаат во надлежност на сојузните органи (министерства, комитети), доколку производат и продаваат стока од широкото трошење во слободно продавање.

4) Ова напатствие влегува во сила веднаш.

Бр. 465
23 мај 1950 година
Белград

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Советот за преработувачка индустрија,
Рато Дугошич, с. р.

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Советот за промет со стока
Осман Карабегович, с. р.

Согласен,
Го застапува Министерот на финансиите на ФНРЈ
Министерот на надворешната трговија на ФНРЈ,
Милентије Поповиќ, с. р.

328.

Врз основа на член 16 од Уредбата за трошковите на државните трговски претпријатија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 109/49), прописувам

НАПАТСТВИЕ

ЗА НАЧИНОТ НА РАСПОДЕЛБА НА ОСТВАРЕНИОТ ДОПРИНОС ЗА ИЗДИГАЊЕ КАДРОВИ ВО ТРГОВИЈАТА

I. Од оствареният допринос за издигање кадрови во трговијата се исплатуваат следни расходи:

1. расходи на стручните курсеви и семинари;

2. купување книги и списанија за стручна библиотека;

3. трошкови на предвојничка обука; и

4. разлики помегју нормираните трошкови за домот на учениците и оствареният допринос на учениците.

II. Во расход на стручните курсеви и семинари влегуваат:

1. трошковите на одржувањето на курсевите, односно семинарот, и тоа:

а) хонорари на преподавателите;

б) плати на персоналот кој е запослен на курсот;

в) кирија, огрев и осветление; и

г) сите други трошкови што се неопходни за да се одржува правилно курсот односно семинарот.

2. Трошкови за ноќевање и прехрана за слушателите на курсот односно семинарот. Од средствата на допринесот за издигање кадрови се исплатуваат трошковите за ноќевање и прехрана само на оние слушатели на курсот односно семинарот што имаат право на бесплатно ноќевање и прехрана во менза односно ресторант што ке го определи управата на курсот.

Право на бесплатна рана во определена менза односно ресторант им припагја на оние слушатели од курсот односно семинарот што живеат во заедница

со својата фамилија и од својата плата ја издржуваат својата фамилија, и тоа за случај ако слушаат курс односно семинар вон од местото на своето постојано живеење. Доколку пак слушателите слушаат курс односно семинар во местото од своето постојано живеење а сакаат да се ранат во определена менза односно ресторант, тие ја плаќаат цената за рана како и сите други слушатели.

Право на бесплатно ноќевање имаат сите слушатели на курсот односно семинарот, освен слушателите што се запослени и живеат во местото во кое што се одржува курсот.

3. Патните трошкови на слушателите што се испраќаат на курс односно семинар вон од местото на претпријатието.

III. Во трошковите од предвојничката обука влегуваат:

а) хонорарите на преподавателите за предвојничката обука; и

б) сите други трошкови што се неопходни за правилното извршување на предвојничката обука.

IV. Ако од доприносот што го уплатуваат учениците во трговијата на домот на учениците не можат да се покријат нормираните трошкови од домот на учениците, разликата помегју нормираните трошкови на домот и доприносот на учениците (кој што изнесува до 80% од нивната плата) ја подмирува трговското претпријатие од доприносот за издигање кадрови, сразмерно на бројот од своите ученици.

V. Трговското претпријатие својата предсметка на приходите и расходите ја изработува за стручното издигање на кадровите и расходите за подмирување на разликата на домот на учениците врз основа на својот план на стручното издигање на кадровите што е одобрен од административно — оперативниот раководител.

VI. Министерот на трговијата и снабдувањето на народната република врз основа на поставениот план за стручното издигање на кадровите определува кој дел од остварениот допринос за издигање кадрови трговските претпријатија, односно поодделни видови на тие претпријатија ке го уплатуваат на сметката од органот што ги организира курсевите и семинарите за издигање кадрови во трговијата. При определувањето на тој дел, а бодејќи сметка за висината на планираниот допринос за издигање кадрови на поодделно трговско претпријатие односно поодделни видови на тие претпријатија, потребно е:

1. на трговското претпријатие да му се обезбедат потребни средства за одржувањето на оние курсеви и семинари кои што по планот ги организира самото претпријатие, како и оние планирани расходи што се покриваат од средствата на доприносот за издигање кадрови, и

2. од доприносот за издигање кадрови на трговските претпријатија да се обезбедат потребни средства за административно- оперативниот раководител на трговските претпријатија, односно на поверенството на трговијата и снабдувањето на околискиот (градскиот) народен одбор кој што организира курсеви односно семинари за издигање кадрови на своите претпријатија.

VII. Кога стварните расходи за издигање на кадровите и доприносот на домот од учениците се поголеми од остварените приходи од доприносот за издигањето на кадрови што се пресметани во смисла на Решението за определување процентот за пресметување на доприносот за издигање на кадрови („Службен лист на ФНРЈ" бр. 2/50). преостанатиот одвишок на расходите од претпријатието може да се покрие со наголемување на определениот процент на доприносот за издигање на кадрови во смисла на чл. 17 од Уредбата за трошковите на трговските претпријатија. Доколку одвишокот на расходите не би могол ни тогаш да се покрие, тој ќе се покрие од средствата на фондот на раководството.

VIII. Установите и надлештвата кога ке испраќаат свои службеници на курсеви или семинари кои што се организирани за кадровите од трговските претпријатија, ги покриваат трошковите околу издршката на овие службеници на овие курсеви односно семинари од своите средства.

IX. Ова напатствие ке се применува од денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

Бр. 2250
30 мај 1950 година
Белград

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Советот за промет со стока,
Осман Карабегович, с. р.

329.

Врз основа на чл. 30 во врска со чл. 14 став 2 и чл. 19 од Законот за учениците во стопанството, прописувам

НАПАТСТВИЕ

ЗА РАСКИНУВАЊЕ ДОГОВОРИТЕ ЗА УЧЕЊЕ ВО СЛУЧАИТЕ НА ПРЕМИНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО СТОПАНСТВОТО ВО ИНДУСТРИСКИ ШКОЛИ

1. Државните стопански претпријатија што ке отворат индустриски школи, можат во тие школи да запишуваат и свои ученици во стопанството. Овие ученици во индустриската школа можат да се запишуваат само за учење на она (или сродно) занимање за чие што изучување е склучен договор за учење, и тоа: дури одкога со учениците ке се раскинат претходно договорите за учење.

2. Договорите за учење ке ги раскинуваат по барање на работодавачите надлежните поверенства на трудот и на околиските (градските, реонските) народни одбори при кои што се истите регистрирани, и тоа задожително во сите случаи кога се бара раскинувањето поради преминот на учениците во индустриска школа и кога за раскинувањето има взаемна согласност помегју претпријатието и ученикот односно неговиот законски застапник.

3. Доколку ученикот, односно неговиот законски застапник не се согласни со раскинувањето на договорот, учењето ке се продолжи и ке се заврши по прописите од Законот за учениците во стопанството.

4. Времето што е проведено на учење врз основа на дотогашниот договор за учење му се смета на ученикот како време проведено во индустриската школа, т. е., ако е тоа време подолго од една односно две години — на ученикот му се признава дека го завршил првиот односно вториот клас на индустриската школа.

5. Државните стопански претпријатија должни се при склучувањето договорите за учење во истите да ја внесуваат клаузулата за обврската на ученикот во стопанството дека ке пристане на раскинувањето на договорот за учење за случај во текот на првата половина на учењето по склучениот договор на ученикот да ке му биде овозможен преминот во индустриска школа, кога ке се отвори истата и кога претпријатието ке го побара тоа.

VI. Ова напатствие влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

Бр. 1223
27 мај 1950 година
Белград

Министер на трудот на ФНРЈ,
Векјеслав Хољевац, с. р.

339.

Врз основа на чл. 24 од Уредбата за дисциплинската и материјална одговорност на работниците во државните претпријатија, надлештва и установи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/49), а во согласност со Претседателот на Советот за законодавство и изградба на народната власт на Владата на ФНРЈ, издавам

НАПАТСТВИЕ

ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПРОПИСИТЕ ЗА МАТЕРИЈАЛНАТА ОДГОВОРНОСТ НА РАБОТНИЦИТЕ

1) Се смета дека е направена материјална штета при работа не само кога работникот ке ја направи ловаа штета на самата работа, туку и во случај кога при идењето на работа или непосредно после завршувањето на работата направи некаква штета во работните простории или во кругот на работилиштето.

2) Материјална штета може да стане како со уништување на предмет, така и со неговото делимично оштетување. Материјална одговорност кај работникот постои само за веќе сторена штета.

Работникот одговара материјално и за штетата направена поради пропуштањето да ја изврши должноста на која што бил должен по работниот однос.

3) Работникот одговара за штетата само во случајот ако дејствието со кое што е предизвикана штетата може да се запише во вина, т. е. ако кај работникот постои умисла или нехат (невнимателност). А ако работникот во времето кога што е предизвикана штетата бил во безвесна состојба, нема да одговара за материјалната штета, освен ако со своја вина дошол до таква состојба (пијанство).

Работникот не одговара за штетата што настанала поради случај:

4) Висината на штетата се утврдува по ценовникот, односно по инвентарот или по сметката за извршената оправка.

5) Ценовникот што се однесува до накладата на штетата го прописува директорот на претпријатието во согласност со административно-оперативниот раководител, односно раководителот на надлештвото или установата.

Во ценовникот треба да се внесуваат цени особено за оние предмети со кои што работниците најповеќе ракуваат, како и за оние предмети чијата вредност не е тешко да се утврди.

6) За оштетените предмети чијата фактична вредност не е внесена во инвентарот нити е одредена со ценовникот, а кои што не можат веднаш или воопште нема да се поправат, висината на штетата ја утврдува стручна комисија.

Проценката на штетата се врши спрема фактичната вредност на денот на оштетувањето и на местото на оштетувањето, или спрема пазарните цени. Цената на предметот се утврдува спрема состојбата, односно фазата на изработката во која што се наогјал предметот во времето кога што е оштетен односно упропастен.

При проценувањето вредноста на предметот стручната комисија ке го земе во оглед значењето на предметот за народното стопанство, како и сите други околности од кои што зависи правилната проценка. При проценувањето вредноста на предметот се зема во оглед намалувањето односно губитокот на вредноста на предметот поради употребата.

7) Ако е сторена штетата со учество на повеќе работници, се одредува секој поединг работник да ја накнади штетата сразмерно на утврдената одговорност за штетата. Делот кој што од еден учесник не може да се наплати, се наплатува од другите учесници сразмерно на степенот на нивната одговорност за штетата.

Ако сразмерната одговорност за штетата не може да се утврди, тогаш сите одговараат солидарно. Делот кој што од еден учесник не може да се наплати, се наплатува во еднакви делови од другите учесници.

8) Директорот на претпријатието, односно раководителот на надлештвото или установата ке одреди како ке се пријавува сторената штета.

Штом ке разбере или прими пријава за сторената штета директорот на претпријатието односно раководителот на надлештвото или установата ке присобере први податоци и ке оцени кој е надлежен да донесе решение за накнада на штетата.

Ако директорот на претпријатието, односно раководителот на надлештвото или установата утврди дека е тој надлежен, ке поведе постапка односно ке го упати предметот до стручната комисија; во противно пријавата ке ја упати до надлежниот орган односно суд.

9) Во постапката за накнада на штетата треба да се утврди: а) да ли штетата вистински настанила и кога; б) под кои околности настанила штетата; в) колкава е висината на штетата; г) кој е и во која мерка одговорен за штетата.

Во постапката за накнада за штетата работникот мора да биде сослушан и за тоа се состава записник.

10) Во постапката за накнада на штетата може да се употребат сите доказни средства (сведоци, увид, вештачење, исправи и др).

При секој извид на доказите се состава записник.

11) По завршениот извид, односно добиениот извештај од стручната комисија, директорот на претпријатието односно надлежниот раководител ке ги оцени утврдените факти и во случајот да најде дека работникот на е одговорен за штетата, ке донесе кратка одлука да и запре постапката: во противно, ке донесе решение за тоа дека работникот е должен да и ја накнади на државната материјалната штета.

Решението за накнада на штетата мора да содржи назив на претпријатието, надлештвото или установата, лични податоци за работникот, предмет на постапката, диспозитив, образложение, упат за правото на жалба, дата и потпис на раководителот кој што го донесол решението.

Во диспозитивот на решението се внесува должноста на работникот да го накнади утврдениот износ на штетата во определен срок.

Во образложението на решението треба да се изложи во што се состои штетата, како е утврдена, износ на штетата и друго.

Во упатот за право на жалба работникот се упатува дека може на решението за накнада на штетата да подаде жалба, во кој срок и кому.

Решението за накнада на штетата му се предава на работникот кој што го потврдува приемот со свој потпис.

12) Со решението за накнада на штетата може да се одредат и месечни оброци (рати) во кои што ке се врши наплатата на штетата.

Овие месечни рати не можат да надминат 25% од месечната плата на работникот.

13) За штетата која што не преминува 1.000 динари или ако е штетата утврдена во ценовникот односно инвентарот а работникот пристане веднаш да ја плати. решенија за накнада на штетата не се донесуваат.

14) Жалбата против решението за накнада на штетата се поднесува до оној орган кој што го донесол решението.

Доколку органот кој што е надлежен за решавање по жалбата во втор степен најде дека се сите факти достаточно утврдени, ке донесе решение да се потврди првото решение, да се измени или да се укине. А ако најде дека е потребно да се присобрат уште некои докази, предметот ке го врати да се доследи.

15) Ова напатствие влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

Бр. 587
10 мај 1950 година
Белград

Министер на трудот на ФНРЈ,
Векјеслав Хољевац, с. р.

Согласен
Претседател на Советот за законодавство
и изградба на народната власт
на Владата на ФНРЈ,
Едвард Кардељ, с. р.

331.

Врз основа на чл. 57 од Основниот закон за државните стопански претпријатија, издавам

НАРЕДБА

ЗА СОСТАВАЊЕТО И ПОДНЕСУВАЊЕТО НА ТРОМЕСЕЧНИТЕ ФИНАНСИСКИ ПЛАНОВИ НА ДРЖАВНИТЕ СТОПАНСКИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ЗА 1950 ГОДИНА

1. Претпријатијата се должни до 15 јуни 1950 година на своите административно-опретавните раководства да им ги испратат тромесечните финансиски планови за целата 1950 година, изработени врз базата на одобрениот годишен основен финансиски план за 1950 година како и динамичкиот план на производството.

Административно-оперативните раководства должни се до 20 јуни 1950 година да му ги испратат на својот ресор собирните тромесечни финансиски планови за своите претпријатија за сите тромесечја на 1950 година.

Ресорите треба да ги испратат до 25 јуни 1950 година собирните тромесечни планови од целиот ресор до надлежниот финансиски орган.

2. Претпријатијата на електростопанството, рударството и индустријата составаат за првото и второто тромесечје еден полгодишен наместо два тромесечна финансиска плана. На ист начин можат да постапат и претпријатијата на саобраќајот што не ке бидат во состојба да состават одделни тромесечни финансиски планови за првото и второто тромесечје.

3. Собирот на сите тромесечни финансиски планови мора да му одговара на одобрениот основен годишен финансиски план. Доколку при одобрувањето на основниот годишен финансиски план е извршена измена во некој од нивните делови без соодветни исправки на сите други обрасци дека се одразуваат тие измени, при изработката на тромесечните финансиски планови тие измени треба да се земаат во оглед кај сите односни обрасци.

4. Тромесечниот финансиски план на претпријатијата на електростопанството, рударството и индустријата се состои од обрасци: Ф—9, Ф—11, Ф—13, Ф—14. и од сводниот образец Ф—20.

Тромесечниот финансиски план на претпријатијата на саобраќајот се состои од обрасци: Ф—9, Ф—13, Ф—14 и од сводниот образец Ф—20.

Тромесечниот финансиски план на претпријатијата на трговијата се состои од обрасците: Ф—11, Ф—13, Ф—17 и од сводниот образец Ф—20.

Им се дава внимание на претпријатијата дека од планската добивка плаќањето во буџетот се врши само до контролниот износ, додека преостанатиот дел на добивката, во смисла на Напатствието за изменувањата и дополнувањата на Напатствието за уплатата и употребата на сопствените парични средства за финансирањето на инвестициите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 33/50) се положува кај државната инвестициона банка на собирната сметка на административно-оперативното раководство заради финансирање на инвестициите.

5. Исклучително, претпријатијата за увоз и извоз ке состават тромесечен финансиски план за четвртото тромесечје дури во првата половина на месецот септември и ке го испратат до своето административно-оперативно раководство најдоцна до 15 септември 1950 година, а својот своден план ке го испратат до ресорот до 22 септември додека ресорот ке го испрати до Министерството на финансиите сводниот тромесечен финансиски план на претпријатијата на трговијата за увоз — извоз за четвртото тромесечје најдоцна до 25 септември 1950 година.

Другите претпријатија кои што составаат тромесечен финансиски план за четвртото тромесечје во исто време кога и за другите тромесечја, исклучително не ке поднесат Ф—13 за четвртото тромесечје. Овој образец Ф—13 тие ке го состават и ке го испратат накнадно, и тоа во сроковите кои што се пропишани во предниот став за тромесечниот финансиски план за четвртото тромесечје за претпријатијата на трговијата на увоз — извоз.

Исто така, исклучително, претпријатијата во образецот Ф—13 за првото и второто тромесечје — односно за целото прво полгодиште — ке го означат во колоната на планираниот и одобрениот број на работната сила, покрај планираниот број, уште и бројот на стварната состојба на работниците.

6. Накнадни измени кои што векје настапиле во планот на претпријатијето а не се опфатени во одобрениот основен годишен финансиски план, треба да се опфатат во тромесечните финансиски планови. Се разбира дека во тој случај собирот на тромесечните финансиски планови нема да се сложува со одобрениот основен годишен финансиски план.

Накнадни измени што ке настапат во планот после составањето на тромесечните финансиски планови треба да се опфатат во дополнителниот финансиски план на крајот на годината. Претпријатијата се должни ваквиот дополнителен финансиски план да го состават пред истекот на годината и најдоцна до 5 јануари 1951 година да го испратат до својето административно-оперативно раководство. Овие последниве составаат собирен дополнителен финансиски план и му го испраќаат на ресорот до 10 јануари 1951 година, а ресорот сочинува собирен план на ресорот и го испраќа до финансискиот орган најдоцна до 15 јануари 1951 година.

7. Оваа наредба не се однесува на градежните претпријатија, кои што ги составаат и поднесуваат своите тромесечни финансиски планови спрема одделното напатствие за изработка на финансискиот план на градежните претпријатија.

8. Државните земјоделски добра и претпријатијата под раководство на Советот за земјоделие и шумарство на Владата на ФНРЈ, нема да составаат тромесечни финансиски планови.

9. Државните стопански претпријатија кои што врз основа на одлуката на Владата на ФНРЈ преминале од сојузно во републичко значење во сето ке постапат по оваа наредба и ке ги испратат своите тромесечни финансиски планови до своите сегашни административно-оперативни раководства, а овие до односните ресори и конечно до односното републичко министерство на финансиите.

10. Министрите на финансиите на народните републики ке донесат одделни прописи за составањето и поднесувањето на тромесечните финансиски планови на државните претпријатија од локално значење.

Оваа наредба влегува во сила веднаш.

Бр. 14791
3 јуни 1950 година
Белград

Го застапува Министерот на фицансиите
на ФНРЈ,
Министерот на надворешната трговија
на ФНРЈ,
Милентије Поповиќ, с. р.

332.

Врз основа на чл. 21 од Уредбата за пријавувањето на боравокот, издавам

НАРЕДБА

ЗА ПРИЈАВИТЕ НА ПРЕБИВАЛИШТЕТО И БОРАВОКОТ

I

Пријавување пребивалиштето, менување на пребивалиштето, менување на жилиштето и боравокот подолг од 24 часа, по уредбата за пријавувањето на боравокот се врши на формулари прописани со оваа наредба.

II

1) Пријавување пребивалиштето (местото на постојаното живеење) менувањето на пребивалиштето и на боравокот ке се врши на овој формулар.

Формулар бр. 1

ПРИЈАВА-ОДЈАВА НА ПРЕБИВАЛИШТЕТО-БОРАВОКОТ

Место ..... улица ..... број ..... бр. на жилиштето .....

Име на сопственикот на жилиштето .....

Хотел, болница .....

			лица што се пријавуваат	на брачниот другар
1	Име	Фамилијарно (за мажени и вдовици и моминско)		
		родено		
2	Роден	Место, околија, народна република (за лицата родени во странство-државата)		
		ден, месец и година		
3	Занимање и каде е вапослен			
4	Народност			
5	Државјанство			
6	Брачна состојба			
7	Родители	таткото		
		мајката (родено и моминско фамилијарно име)		
8	Број на личната карта и кој ја издал			
9	Место на постојаното живеење (пребивалиште)			
10	Место во кое што заминува			

Во ..... Подносител на пријавата

..... 195..... год. .....

ПОТВРДА ЗА ПРИЕМОТ НА ПРИЈАВАТА -ОДЈАВАТА

Примена е пријавата-одјавата на пребивалиштето-боравокот за .....

по занимање ....., со жилиште во

улицата ..... број .....

..... (М П) Потпис на службеникот

(дата) .....

2) За брачните другари се поднесува заедничка пријава. За секое дете над 16 години, како и за секое друго лице над 16 години кое што живее во заедничко домаќинство со лицето што се пријавува се поднесува одделна пријава.

3) При менувањето пребивалиштето или боравокот на овој формулар се пријавува како заминувањето од досегашното место на постојаното живеење или боравок, така и доволгјањето во ново место на постојано живеење или боравокот.

III

1) Пријавување менувањето на жилиштето во исто место ке се врши на овој формулар:

Формулар бр. 2

ПРИЈАВА ЗА ПРОМЕНАТА НА ЖИЛИШТЕТО

Место ..... улица ..... број .....

кат ..... бр. на жилиштето .....

			лицето што се пријавува	на брачниот другар
1	Име	Фамилијарно (за мажени и вдовици и моминско)		
		родено		
2	Роден	место, околија, народна република (за лица родени во странство—државата)		
		ден, месец и година		
3	Занимање и каде е вапослен			
4	Брачна состојба			
5	Улица и број, кат и број на поранешно жилиште во истото место			

Во ..... Подносител на пријавата

..... 195..... година .....

ПОТВРДА ЗА ПРИЕМОТ НА ПРИЈАВАТА ЗА МЕНУВАЊЕТО НА ЖИЛИШТЕТО

Примена е пријавата за менувањето на жилиштето за .....

..... по занимање ..... со жилиште

во улицата .....

..... Потпис на службеникот

(дата)

(МП) .....

2) За брачни другари се поднесува заедничка пријава. За секое дете над 16 години, како и за секое друго лице над 16 години што живее во заедничко домаќинство со лицето што се пријавуава, се поднесува одделна пријава.

IV

1) Книгата на гостите кои што се должни да ја водат директорите односно сопствениците на хотели, пансиони, ноќевалишта и други слични претпријатија (чл. 10 на Уредбата за боравокот), се води на овој формулар.

Формулар бр 3

КНИГА НА ГОСТИТЕ

Ред. број	Ден, месец и година на доволгјањето	Ден, месец и година на заминувањето	Број на собата	Фамилијарно и родено име	Место	Ден, месец и година	Занимање	Народност	Државјанство	Брачна состојба	Пребивалиште	Од каде дошол	Имињата на членовите на фамилијата кои што заедно отседнале	Исправи и кој ги издал		Должина за боравок	Забелешка
														За државјаните на ФНРЈ	За странците		

2) Книгата на гостите мора да се биде поврзана, прошиена и пагинирана. Книгата на гостите ја заверува на првата страна надлежното поверенство на внатрешните работи на околискиот или градскиот (реонскиот) народен одбор. Во заверката ке се означи колку листови и страни има книгата.

3) За лицата што се примаат на жилиште во хотели, пансиони, ноќевалишта и слични претпријатија пријавата се поднесува на формуларот бр. 1, а за странски државјани кои што не се постојано настанети на територијата на Федеративна Народна Република Југославија пријавата се поднесува на формуларот кој што е за нив прописан. Во книгата на гостите податоците се внесуваат од пријавата.

4) Во рубриката „Исправа" се внесуваат податоците за видот на исправата (лична карта, пасош), број на исправата и дата на издавањето, како и кој орган ја издал исправата. Ако е исправата пасош на странски државјанин, во оваа рубрика се внесуваат податоците за визата и за траењето на визата, (кој ја издал визата, кога и на која дата истечува нејзината важност).

Во рубриката „дозвола на боравок" се внесува бројот и датата кога е издадена дозволата за боравок и кој државен орган ја издал оваа дозвола.

V

Странските државјани, освен оние што се постојано настанети на територијата на Федеративна Народна Република Југославија, се пријавуваат и се одјавуваат на овој формулар:

Формулар бр. 4

ПРИЈАВА-ОДЈАВА БОРАВОКОТ НА СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИН

1	Фамилијарно, татково и родено име	
2	Место и година на раѓањето и занимање	
3	Дата на влегувањето во ФНРЈ	
4	Од каде доаѓа	
5	По каква работа доаѓа	
6	Со кого доаѓа, односно со кого се пријавува (доаѓаат во оглед само жени и деца под 16 години)	
7	Местото каде се пријавува, улица и број на куќата	
8	Податоци за исправите (органот кој што ги издал, дата и место на издавањето)	
9	Дата на истечувањето на визата	

Во ..... Подносител на пријавата

..... 195 ..... го[д]. .....

ПОТВРДА ЗА ПРИЕМОТ НА ПРИЈАВАТА-ОДЈАВАТА

Примена е пријавата-одјавата на боравокот за .....

..... државјанин ..... со жилиште

во улицата ..... бр .....

Потпис на службеникот

..... (М П) .....

(дата)

VI

Формуларите пропишани со оваа наредба ке се употребуваат од 1 јули 1950 година.

VII

Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија", на кој ден престанува да важи Наредбата за пребивалиштето и боравокот бр. 436 од 5 април 1949 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 34/49).

Бр. 21018
7 јуни 1950 година
Белград

Потпретседател на Владата на ФНРЈ
и Министер на внатрешните работи на ФНРЈ,
Александар Ранковиќ, с. р.

333.

Врз основа на чл. 19 став 2 од Уредбата за трошковите на државните трговински претпријатија („Службен лист ФНРЈ", бр. 109/49) и точ. XXXI од Решението за рабатите и маржите за производите од основно значење за стопанството за кои што се пропишани единствени цени („Службен лист на ФНРЈ", бр. 1/50), донесувам

РЕШЕНИЕ

ЗА РАБАТИТЕ НА НАФТА И НАФТИНИТЕ ДЕРИВАТИ

I. — За нафта и нафтини деривати во прометот помегју претпријатијата кои што производат и увозат нафта и нафтини деривати и трговинските претпријатија „Југопетрол" се одредува заеднички рабат од — — — — — — — — — — — — — — — 11,7%

II. — Претпријатијата кои што производат и увозат нафти и нафтини деривати ке му одобруваат од заедничкиот рабат одреден во точ. I:

1) На трговинското претпријатие „Југопетрол" Белград:
   а) на име на заеднички рабат — — — 7,0%
   б) на име на просечен додаток за појасите на допремањето — — — 0,50%
   вкупно: 7,50%

2) На трговинското претпријатие „Југопетрол" Нови Сад:
   а) на име на заеднички рабат — — — 6,50%
   б) на име на просечен додаток за појасите на допремањето — — — — 0,50%
   вкупно: 7,0%

3) На трговинското претпријатие „Југопетрол" Загреб:
   а) на име на заеднички рабат — — — 6,50%
   б) на име на просечен додаток за појасите на допремањето — — — 0,50%
   вкупно: 7,0%

4) На трговинското претпријатие „Југопетрол" Љубљана:
   а) на име на заеднички рабат — — — 7,50%
   б) на име на просечен додаток за појасите на допремањето — — — — 0,50%
   вкупно: 8,0%

5) На трговинското претпријатие „Југопетрол" Скопје:
   а) на име на заеднички рабат — — — 8,50%
   б) на име на просечен додаток за појасите на допремањето — — — — 0,75%
   вкупно: 9,25%

6) На трговинското претпријатие „Југопетрол" Сарајево:
   а) на име на заеднички рабат — — — 7,75%
   б) на име на просечен додаток за појасите на допремањето — — — — 0,75%
   вкупно: 8,50%

7) На трговинското претпријатие „Југопетрол" Котор:

а) на име на заеднички рабат — — 15,50%
б) на име на просечен додаток за појасите на допремањето — — — — 2,0%
вкупно 17,50%

III. — Од применият рабат од точ. II трговинските претпријатија „Југопетрол" (Босна Петрол) ке им одобруваат:

1) На трговинските претпријатија на мало, односно на задругите кои што непосредно се снабдуваат од „Југопетрол":
а) малопродавачки рабат при продавањето петрол за осветление по повисоката единствена (комерцијална) цена — — — — — — — 2,3%
б) малопродавачки рабат при продавањето петрол за осветление по пониската единствена цена — — — 5,70%
в) малопродавачки рабат при продавањето на нафта и на другите нафтини деривати — — — — — 6.0%
г) додаток за појасите на допремањето во смисла на точ. VII од ова решение.

2) На околиските задружни сојузи:
а) заеднички рабат при продавањето на петрол за осветление по повисоката единствена „Комерцијална" цена — — — — — — — — — — 3,30%
б) заеднички рабат при продавањето петрол за осветление по пониската единствена цена — — — — — 8;15%
в) заеднички рабат при продавањето на нафта и други нафтини деривати — — — — — — — — — — 6,0%
г) просечен додаток за појасите на допремањето во смисла на точ. IV од ова решение.

IV. — Трговинските претпријатија „Југопетрол" (Босна Петрол) ке им одобруваат на околиските задружни сојузи покрај рабатите од точ. III и просечен додаток за појасите на допремањето и тоа:

Трговински претпријатија „Југопетрол"	Од прометот за петрол за осветление: кои се продава по повисоката ед. (комерц.) цена	кои се продава по пониската ед. цена	Од прометот за нафта и другите нафтини деривати
1) во Белград, Нови Сад, Загреб и Љубљана — —	0,20%	0,45%	0,50%
2) во Скопје и Сарајево — и Котор — — — — — —	0,30% 0,75%	0,70% 1,85%	0,75% 2,00%

V. — Просечниот додаток за појасите на допремањето служи за покривање на наголемените трошкови на допремањето на овие трговински претпријатија на мало, односно задруги (кога са снабдуваат непосредно од „Југопетрол") кои што се навогјаат во првиот, вториот, третиот и четвртиот појас на допремањето во смисла на следната точка.

VI. — Се одредуваат четири појаса на допремањето:

1) Првиот појас на допремањето ги опфаќја сите трговски претпријатија на мало односно задругите кои што се навогјаат на одалеченост преку 5 км. до 20 км од истоварната станица или на одалеченост преку 5 км до 20 км од стоваришето „Југопетрол" кога им е истоварната станица заедничка.

2) вториот појас на допремањето ги опфаќја сите трговски претпријатија на мало односно задругите кои што се навогјаат на одалеченост преку 20 до 50 км. од истоварната станица или на одлаченост преку 20 до 50 км. од стоваришето на „Југопетрол" кога им е заедничка и истоварната станица.

3) Третиот појас на допремањето ги опфаќја сите трговински претпријатија на мало односно задругите кои што се навогјаат на одалеченост преку 50 до 80 км. од истоварната станица или на одалеченост преку 50 до 80 км. од стоваришето на „Југопетрол", кога им е заедничка истоварната станица.

4) Четвртиот појас на допремањето ги опфаќја сите трговински претпријатија на мало односно задругите кои што се навогјаат на одалеченост преку 80 км. од истоварната станица или на одалеченост преку 80 км. од стоваришето на „Југопетрол", кога им е заедничка истоварната станица.

Кога условите на рационалното превозење бараат робата да не се испорачува со железници или брод, туку со некое друго превозно средство, појасите на допремањето ке се одредуваат со договор помегју трговинското претпријатие „Југопетрол" и трговинското претпријатие на мало, односно задругата.

VII. — Трговинските претпријатија „Југопетрол" (Боснапетрол) ке им одобруваат на трговинските претпријатија на мало односно задругите кога се снабдуваат овие непосредно од „Југопетрол" односно „Боснапетрол", покрај рабатот што им припагја во смисла на точ. III уште и следни додатоци за појасите на допремањето:

Појас на допремање	Од прометот за петрол за осветление: кој се продава по повисока (комерц.) ед. цени	кој се продава по пониската ед. цена	Од прометот за нафта и другите нафтини деривати
I. појас на допремањето	0,70%	1,80%	2,0%
II. појас на допремањето	1,40%	3,60%	4,0%
III. појас на допремањето	2,20%	5,40%	6,0%
IV. појас на допремањето	2,90%	7,20%	8,0%

Предните додатоци за појасите на допремањето ке ги одобруваат трговинските претпријатија „Југопетрол" (Боснапетрол) од просечниот додаток за појасите на допремањето.

Трговинските претпријатија „Југопетрол" (Боснапетрол) должни се за продадената роба да водат книговодствена евиденција. како за примените просечни додатоци за појасите на допремањето така и за додатоците што ке ги одобрат во смисла на оваа точка и точ. IV на ова решение.

Разликите што ке се покажат на односните конта на трговинските претпријатија „Југопетрол" ке ги пресметаат во смисла на прописите кои што важат за ова.

VIII. — Ако местото на околискиот задружен сојуз се навогја на одалеченост преку 5 км. од истоварната станица или на одалеченост преку 5 км. од стоваришето на „Југопетрол", а истоварната станица им е заедничка, „Југопетрол" е должен на сојузот да му ги накнади трошковите на возењето од истоварната станица до неговото стовариште. Овие трошкови „Југопетрол" ги сноси од својот дел на рабатот.

IX. — Кога задругите купуваат петрол, нафта и други нафтини деривати од стоваришето на задружниот сојуз, овој е должен на задругите да им одобри 70% од применият заеднички рабат што е одреден во точ. III под 2).

Покрај рабатот од предниот став, задружниот сојуз е должен на задругите при продавањето на петрол, нафта и други нафтини деривати од својето стовариште да им одобри додаток за појасите на допремањето во смисла на точ. VII. во овој случај појасите на допремањето се сметаат спрема одалеченоста од стоваришето на задружниот сојуз до местото на односната задруга.

Додатокот за појасите на допремањето ке се одобрува во смисла на предниот став само во случајот ако задружниот сојуз во согласност со Министерството на трговијата и снабдувањето на Народната Ре-

публика не ке го регулира на друг начин плаќањето на трошковите на превозењето од стоваришето на сојузот до стоваришето на задругата.

X. — Како продавачи на мало во смисла на ова решение се подразбираат претпријатијата кои што ја купуваат стоката во цел на натамошно продавање на потрошачите од своето стовариште.

XI. — Ако единиците на Југословенската Армија, државните установи и претпријатија кои што набавуваат нафта и нафтини деривати во цел на непосредно трошење купуваат плинско уље непосредно од трговинските претпријатија „Југопетрол" во количините најмалку од една цистерна, тогаш наведените продавачи се должни да им одобрат така наречен „цистерски рабат" од 1,50%.

Ако купувачите од предниот став купуваат петрол, бензин, вајтшпирит и екстракционен бензин во количините најмалку од една цистерна продавачите од првиот став должни се да им одобрат таканаречен „цистерски рабат" од 1,0%.

Ако купувачите од првиот став купуваат други нафтини деривати во количините најмалку од една цистерна, продавачите од првиот став се должни да им одобрат „цистерски рабат" од 0,50%.

При набавувања нафта и нафтини деривати помали од една цистерна, на купувачите од првиот став не им припагја никаков рабат.

XII. — Производителните и увозните претпријатија, како и трговските претпријатија „Југопетрол" испоручуваат нафта и нафтини деривати франко вагонот, шлепот или бродот на истоварната станица на купувачот.

XIII. — Ако во исклучителни случаји од обективни причини има потреба околискиот задружен сојуз или трговските претпријатија на мало да се снабдуваат со нафта и нафтини деривати од друг околиски задружен сојуз односно трговско претпријатие на мало, помегју трговското претпријатие „Југопетрол", „Босналетрол" и околискиот задружен сојуз, односно трговското претпријатие на мало кое што врши посредничка улога рабатот се регулира со договор.

Ако трговските претпријатија „Југопетрол" испорачуваат нафта и нафтини деривати со своите превозни сретства до стоваришето на трговското претпријатие на мало односно до задругата, што се наогјаат далеку преку 5 км. од истоварната станица, односно далеку преку 5 км. од своето стовариште тогаш на трговските претпријатија на мало, односно на задругите одобруваат рабат определен во точ. III без додаток за појасите на допремањето.

XIV. — Трошковите за амортизација на амбалажата и трошковите за вракјање на амбалажата пагјаат на терет на производителните или увозните претпријатија, односно на терет на трговските претпријатија „Југопетрол".

Ако испракјаат купувачите сопствена празна амбалажа за испорачка на стоката во неа. трошковите на превозот пагјаат на терет на продавачот.

XV.— Државните трговски претпријатија што се занимаваат исклучително се промет на нафта и нафтини деривати должни се од рабатот кој што во смисла на ова решение им припагја да ги подмируваат покрај трошковите за набавка и продавање уште и сите доприноси од чл. 3 на Уредбата за трошковите на државните трговски претпријатија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 109/49).

XVI. — Разликата која што се јавува помегју цената по која што претпријатијата „Југопетрол" купуваат петрол за осветлење од претпријатијата „Југонафта" и определените цени за продавање на потрошачите претпријатијата „Југопетрол" ја уплатуваат на начинот што е прописан за уплата разликите помегју пониските и повисоките единствени (комерцијални) цени.

XVII. — Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ", а ке се применува од 1 јануари 1950 година, на кој ден престануваат на важат прописите на Решението за рабатите за нафта и нафтини деривати за кои што е определена единствена цена со важност на целата територија на Федеративна Народна Република Југославија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 83/48).

Бр. 2249
30 мај 1950 година
Белград

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Советот за промет со стока
Осман Карабегович, с. р.

334.

Врз основа на членот 37 од Законот за уредувањето и работењето на кредитниот систем, донесувам

РЕШЕНИЕ
ЗА ПОЛОЖУВАЊЕ НА НАМЕНСКИТЕ СРЕДСТВА НА ОДДЕЛНА СМЕТКА НА ИЗДВОЕНИТЕ СРЕДСТВА КАЈ БАНКАТА

I. — Со цел да се издвојат средствата на поодделни наменски фондови (фондот на раководството, фондот за самостојно-располагање, фондот за културно-просветно работење, фондот за рационализација, фондот за кадрови и др.), како и другите средства (добивката и сл.) од обртните средства на претпријатието, сите државни стопански претпријатија кои што го применуваат основниот распоред на контата (контниот план) должни се таквите средства да ги уплатат на одделна сметка на издвоените средотва кај банката (контото 102), доколку не се работи за наменски средства за инвестициони работи, кои што се положуваат на одделна сметка кај Државната инвестициона банка односно надлежната комунална банка.

II. — Државните стопански претпријатија кои што ги формираат средствата на наменските фондови на тој начин што ги внесуваат во структурата на трошковите на својата дејност, ке уплатуваат на одделна сметка на издвоените средства кај банката, покрај средствата на поедини фондови, уште и нераспоредени средства на евентуалните заштеди само во случајот ако собирот на средствата на наменските фондови и нераспоредените средства на евентуалните заштеди изнесува преку 100.000 динари.

III. — Ова решение влегува во сила веднаш. Со влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението на Министерот на финансиите на ФНРЈ за пренесување вишоците од редовната сметка врз сметката на добивката кај банката („Службен лист на ФНРЈ" бр. 113/48).

Бр. 13321
18 мај 1950 година
Белград

Го застапува Министерот на финансиите на ФНРЈ,
Министерот на надзорешната трговија на ФНРЈ,
Милентије Попович, с. р.

335.

По укажана потреба, а врз основа на чл. 13 од Уредбата за единствените цени („Службен лист на ФНРЈ", бр. 106/46) донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА УКИНУВАЊЕ НАПАТСТВИЕТО ЗА НАЧИНОТ НА НАКНАДАТА (РЕГРЕСОТ) ВО ЦЕНИТЕ КАЈ ОТКУПОТ НА РЕЧНА РИБА КОЈА ШТО СЕ ДАВА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОБЕЗБЕДЕНОТО СНАБДУВАЊЕ

1) Се укинува Напатствието за начинот на накнадата (регресот) во ценитe кај откупот на речна риба

која што се дава за потребите на обезбеденото снабдување бр. 17622 од 9 јуни 1949 година објавено во „Службениот лист на ФНРЈ", бр. 61/49.

2) Ова решение влегува во сила 15 дена по објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

Бр. 13588
20 мај 1950 година
Белград

Го застапува
Министерот на финансиите на ФНРЈ
Министерот на надворешната трговија на ФНРЈ,
Милентије Поповиќ, с. р.

336.

Врз основа на чл. 6 од Уредбата за донесување технички прописи од областа на електростопанството („Службен лист на ФНРЈ", бр. 100/49) донесувам

РЕШЕНИЕ

ЗА ПРИМЕНУВАЊЕ НАПАТСТВИЕТО ЗА ГРАДЕЊЕ ТИПСКИ ТРАНСФОРМАТОРСКИ СТАНИЦИ ЗА 10/0,4 kV ДО 160 kVA

1. При градењето на сите трансформаторски станици за 10/0,4 kV до 160 kVA на целата територија на Федеративна Народна Република Југославија задолжително ке се применува „Напатствието за градење трансформаторски станици за 10/0,4 kV до 160 kVA", кое што го прописа Претседателот на Комитетот за електростопанство на Владата на ФНРЈ на 12 мај 1950 година под бр. 13846.

2. Ова напатствие отпечатено е како оделно издание на Комитетот за електростопанство на Владата на ФНРЈ, а ке се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

Бр. 14353
25 мај 1950 година
Белград

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Комитетот за електростопанство,
Никола Петровиќ, с. р.

337.

Врз основа на чл. 5 од Уредбата за основање и надлежноста на Главната геодетска управа („Службен лист на ФНРЈ" бр. 2/47) донесувам

РЕШЕНИЕ

ЗА РАБОТНИТЕ НОРМИ ЗА ГЕОДЕТСКИТЕ РАБОТИ

Работните норми за геодетските работи што се отпечатени 1950 година како одделно издание на Главната геодетска управа при Владата на ФНРЈ задолжително ке се применуваат на целата територија на Федеративна Народна Република Југославија почнувајќи од 1 јануари 1950 година.

Бр. 2820
20 мај 1950 година
Белград

Началник на Главната геодетска управа,
Димитрије Милачиќ, с. р.

Во Советот за градежништво и градежна индустрија на Владата на ФНРЈ, после извршеното сравнување со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Правилникот за начинот на утврдувањето на нормите за утрошокот на материјалот во градежништвото со техничка метода и врз основа на искуството, објавен во („Службениот лист на ФНРЈ", бр. 29 од 19 април 1950 година, се поткрала грешка и дава следна

ИСПРАВКА

НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НОРМИТЕ УТРОШОКОТ НА МАТЕРИЈАЛОТ ВО ГРАДЕЖНИШТВОТО СО ТЕХНИЧКА МЕТОДА И ВРЗ ОСНОВА НА ИСКУСТВОТО

Во членот 27 наместо: „Спрема Уредбата за времените норми и времените технички прописи во градежништвото („Службен лист на ФНРЈ", бр. 32/47), треба да стоји: „Спрема Уредбата за работните норми" („Службен лист на ФНРЈ", бр. 109/48).

Бр. 5349. — Од Советот за градежништво и градежна индустрија на Владата на ФНРЈ, 17 мај 1950 година.

ОД СОЈУЗНИОТ УРЕД ЗА ЦЕНИ

РЕШЕНИЕ

ЗА ПОНИСКИТЕ ЕДИНСТВЕНИ ПРОДАВНИ ЦЕНИ НА ПРОИЗВОДИТЕЛОТ ЗА ТАНИНСКО ДРВО И КОРКА ОД СМРЕКА

1. За танинско дрво од даб и костен и корка од смрека се определуваат пониски единствени продавни цени на производителот, со важност на целата територија на Федеративна Народна Република Југославија.

I. Танинско дрво:

а) даб — — — — — дин. 900 за една тона

б) костен — — — — дин. 1.100 за една тона

II. Корка од смрека — дин. 2.500 за една тона

2. При пресметувањето на определените цени за таниното дрво по тона во просторен метар се применува факторот 0,5.

3. Прописаните цени важат франко натоварено во вагон на ЈДЖ или шлеп од отпратната станица.

4. Ова решение ке се применува од 15 мај 1950 година со кој ден престануваат да важат прописаните цени за горе споменатите производи, објавени во „Службените соопштенија на Сојузниот уред за цени" бр. 8—9/47.

Бр. 1016
10 мај 1950 година
Белград

В. Д. директор
на Сојузниот уред за цени
М. Михајлович, с. р.

ОД СЛУЖБЕНИТЕ ЛИСТОВИ НА НАРОДНИТЕ РЕПУБЛИКИ

СЛУЖБЕНИ ГЛАСНИК НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ СРБИЈЕ

„Службени гласник Народне Републике Србије" во бројот 13 од 17 април 1950 година објавува:

Указ за изменување на називот на населеното место Вепровац во Крушчич и Месниот народен одбор Вепровац во Местен народен одбор Крушчич;

Указ за прогласување државните стопански претпријатија од локално значење за претпријатија од републичко значење;

Уредба за основање Огледната станица за механизација на поледелството;

Урдеба за задолжителниот откуп на компир во економската 1950/51 година;

Уредба за задолжителниот откуп на граф во економската 1950/51 години;

Уредба за изменувања и дополнувања на Уредбата за привремена мобилизација на приватните локомобили;

Правилник за изменувања и дополнувања на Правилникот за височината на наградата за анализи, работи и произведенија во државните бактериолошки и хемиски лаборатории и другите здравствени установи;

Решение за пренесување работите од областа на културата и уметноста од Министерството на просветата врз Министерството за наука и култура;

Решение за основање на Средно-управно школо во Нови Сад;

Решение за нормираните трошкови за издршка на децата и младината во детските и младинските летовалишта и логурувања;

Наредба за изменувања и дополнувања на Наредбата за привремената мобилизација на приватните добиточни запреги и запрежните возила;

Наредба за задолжителната вакцинација против туберкулозата.

УРАДНИ ЛИСТ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА

„Уредни лист Народне Републике Словеније" во бројот 13 од 18 април 1950 година објавува:

Правилник за изменување на Правилникот за наградите за работа на адвокатите (со тарифа);

Наредба за задолжителното цепење против тифус.

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА ФНРЈ"

Прилог бр. 3

„Службениот лист на ФНРЈ во својот Прилог бр. 3 од 7 јуни 1950 година го објавува Напатствието за постапката при испитувањето, заштитата и користувањето на пронајдоците и техничките усовршувања што се однесуваат на народната одбрана.

Цена 5.— динари.

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА ФНРЈ"

Прилог бр. 4

„Службениот лист на ФНРЈ во својот Прилог бр. 4 од 7 јуни 1950 година го објавува Правилникот за испитувањето и контролата на квалитетот на ветеринарните цепливи и лекови.

Цена 6.— динари.

Прилозите на „Службениот лист на ФНРЈ" можат да се добијат преку продавното одделение на „Службениот лист на ФНРЈ", Бранкова 20, тел. 22-619, и преку книжарниците.

СОДРЖАЈ:

Страна

321. Уредба за елементите од продавната цена на угостителските услуги во угостителски претпријатија, кои што во продавната цена на угостителските услуги ги засметуваат добивката и данокот — — — — — — — — 709
322. Уредба за изменувања и дополнувања на Уредбата за пријавување на боравокот — 711
323. Правилник за премиите на работниците и службениците за остварените заштеди во електраните и при електро-машинските постројки — — — — — — — — — — — — 713
324. Напатствие за наплатувањето и контролата на данокот на промет на производи од шпирит и алкохолни пијалоци — — — — — — 715
325. Напатствие за работењето на земјоделските добра и фарми на околиските и градските народни одбори и за расподелбата и употреба на производите од тие добра — — 725
326. Напатствие за применување на наредбата за извршувањето планот на градежните објекти во 1950 година — — — — — — — — 726
327. Напатствие за определување пазаришната добивка при формирањето и определувањето на цени по кои што производителните претпријатија од републикански значај ке ги продаваат производите од широкото трошење во слободно продавање — — — 727
328. Напатствие за начинот на расподелба на остварениот допринос за издигање кадрови во трговијата — — — — — — — — — — 727
329. Напатствие за раскинување договорите за учење во случаите на преминување на учениците во стопанството во индустриски школи — — — — — — — — — — — — 728
330. Напатствие за спроведување прописите за материјалната одговорност на работниците 729
331. Наредба за составувањето и поднесувањето на тромесечните финансиски планови на државните стопански претпријатија за 1950 година — — — — — — — — — — — — — 730
332. Наредба за пријавувањето на пребивалиштето и боравокот — — — — — — — — 731
333. Решение за рабатите за нафта и нафтините деривати — — — — — — — — — — — 732
334. Решение за положување наменските средства на одделна сметка на издвоените средства кај банката — — — — — — — — — 734
335. Решение за укинување Напатствието за начинот на наградата (регресот) во цените кај откупот на речна риба која што се дава потребите на обезбеденото снабдување — 734
336. Решение за применување напатствието за градење типски трансформаторски станици за 10/0,4 kV до 160 kVA — — — — — — 735
337. Решение за работните норми за геодетските работи — — — — — — — — — — — — 735

Исправка на Правилникот за начинот на утврдување нормите на утрошокот на материјалот во градежништвото со техничка метода и врз основа на искуството — — — 735

Решение за пониските единствени продавни цени на производителите за танинско дрво и смрекова корка — — — — — — — — — 735

Издавач: „Службен лист на ФНРЈ" новинарско издавачко претпријатие — Белград Бранкова ул. бр. 20. — Директор и одговорен уредник Слободан М. Нешовиќ, Мајке Јевросиме бр. 20. — Печат на Југословенското штамарско претпријатие, Белград